САРДИЧ МЦ ДООЕЛ импорт-експорт Скопје, Тодор Александров 11А, 1000, Скопје, тел.: 02 3066002
Жиро сметка: 210069235420123, даночен број / МК: 4080014541428
Депонент: НЛБ Тутунска Банка АД, Скопје

ОЦЕНА НА СОЦИЈАЛНИТЕ АСПЕКТИ

РУДАРСКИ КОМПЛЕКС ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА КАТОДЕН БАКАР – „КАЗАНДОЛ“, ВАЛАНДОВО, МАКЕДОНИЈА

Подготви:

ЕМПИРИА ЕМС, Скопје и БИОС ПРО, Скопје

Скопје, декември 2015

СОДРЖИНА

Извршно резиме 7
1. ВОВЕД 8
2. ОПИС НА ПРОЕКТОТ 8
3. АНАЛИЗА НА АЛТЕРНАТИВИТЕ 11
4. ВЗАЕМНО ДЕЈСТВО СО ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ 11
5. ПРАВНА И ПОЛИТИЧКА РАМКА 12
5.1. Преглед на применливата национална легислатива 12
5.2. Македонски законски рамки за взаемно дејство со засегнати лица 12
5.3. Македонски законски рамки за социјални прашања 13
5.4. Македонски законски рамки за трудот и условите на работа 14
5.5. Македонски законски рамки за заштита на културното наследство 16
5.6. Македонски законски рамки за експропријација и набавка на земјиште 16
5.7. Политики на МФК 16
6. МЕТОДОЛОГИЈА 19
6.1. Методологија на основната социјалната положба 19
6.2. Методологија за определба на последиците 21
7. ОСНОВНА СОЦИЈАЛНА ПОЛОЖБА 23
7.1. Подрачјето на проектот 23
7.2. Употреба и искористување на земјиштето 25
7.3. Демографија 25
7.4. Економија и начин на живот 28
7.5. Земјоделство 30
7.6. Домување, врски, и комунални услуги 32
7.7. Здравје и социјална заштита 33
7.8. Образование, грижа за децата, полова еднаквост 35
7.9. Културно наследство, религија, вредности и навики 36
8. ОЦЕНКА НА ПОСЛЕДИЦИТЕ 37
8.1. Систем на социјално управување 37
8.1.1. Фаза на изградба и операции 37
8.2. Взаемно дејство со засегнати страни 38
8.2.1. Фаза пред и фаза на градежните работи 38
8.2.2. Оперативна фаза 39
8.2.3. Фаза на затварање 40
8.3. Економија и начин на живот 41
8.3.1. Фаза пред изградба 41
8.3.2. Фаза на изградбата 44
8.3.3. Фаза на експлоатација 47
8.3.4. Фаза на затворање на комплексот 50

8.4. Здравје, безбедност и сигурност на заедницата 51
8.4.1. Фаза на изградбата 51
8.4.2. Оперативна фаза 53
8.5. Домување, врски и комунални услуги 55
8.5.1. Фаза на изградбата 55
8.5.2. Оперативна фаза 56
8.6. Културно наследство, религија, вредности и навики 57
8.6.1. Оперативна фаза 57
8.7. Труд и услови за работа 59
8.7.1. Фаза пред градежните работи 59
8.7.2. Фаза на изградба и оперативна фаза 60
8.7.3. Фаза на затварање 61
8.8. Оценка на кумулативните последици 62
9. ПРЕГЛЕД НА МЕРКИТЕ ЗА УБЛАЖУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ 63
10. ПЛАН ЗА СОЦИЈАЛНО УПРАВУВАЊЕ 73
11. ПЛАН ЗА СОЦИЈАЛЕН МОНИТОРИНГ 77
12. ЗАКЛУЧОЦИ 81
СПИСОК ЛИТЕРАТУРА 82
ПРИЛОЗИ 83

Список табели

Табела 1. Критериуми за оцена на влијанијата 21
Табела 2. Матрица на рангирањето на значењата 23
Табела 3. Колор кодификација на значењата 23
Табела 4. Демографска слика на општина Валандово 26
Табела 5. Миграции во општина Валандово 27
Табела 6. Активни бизнис тела според делот на активностите 29
Табела 7. Активни бизнис тела според големината (ситуација од 31 декември) 29
Табела 8. Невработеност 30
Табела 9. Полјоделско земјиште по категории на употреба во општината 30
Табела 10. Број на индивидуални стопанства со добиток, живина, зајаци и пчели и број на единици, Попис за земјоделство 2007 32
Табела 11. Наводнувани површини, Попис за земјоделство 2007 32
Табела 12. Покриеност на секторот здравство со медицински персонал во општина Валандово, 2012 34
Табела 13. Покриеност на секторот здравство со медицински персонал во општина Валандово, 2013 35
Табела 14. Број на ученици во општина Валандово 35
Табела 15. Регистрирани археолошки наоѓалишта на подрачјето на проектот 37

Список цртежи:

Цртеж 1. Административна организација на пошироката област на рударскиот комплекс 9
Цртеж 2. Преглед на рударскиот комплекс во однос кон населбите од областа 9
Цртеж 3. Основни елементи на рударскиот комплекс за производство на бакарни катоди Казандол 11
Цртеж 4. Карта на општина Валандово со засегнатите места 24
Цртеж 5. Преглед на бројот на население во подрачјето на проектот, според пописни години 26

Цртеж 6. Преглед на бројот на население во подрачјето на проектот, според пописни години 26
Цртеж 7. Преглед на бројот на население во подрачјето на проектот, според пописни години 28
Цртеж 8. Членови на домаќинствата на општина Валандово, што работат индивидуално земјоделство како основен извор на приходи, Попис за земјоделство 2007 31
Цртеж 9. Карта на асфалтирани патишта во општина Валандово 33
Цртеж 10. Слика на училиштето во село Казандол 26

Автор(и)	ЕМПИРИА ЕМС ДООЕЛ, Скопје и БИОС ПРО ДООЕЛ, Скопје	
Одговорно лице	Константин Сидеровски	
Место	Скопје	
	Датум	03 декември 2015
	Документ број	0103-28/15

При користење како референца, овој документ треба да биде наведен како што следува подолу:

ЕМПИРИА ЕМС, Скопје, и БИОС ПРО, Скопје (2015); Оцена на социјалните аспекти – рударски комплекс за производство на катоден бакар „Казандол“, општина Валандово, Република Македонија; за САРДИЧ МЦ

СТАТУС НА ДОКУМЕНТОТ И ЕКСПЕРТСКИ ТИМ

Инвеститор / Оператор:

Име на инвеститорот / операторот:	САРДИЧ МЦ ДООЕЛ, Скопје
Адреса на инвеститорот / операторот:	ул. Тодор Александров 11А 1000, Скопје Тел. +389 (2) 2066 002

Документ: Оцена на социјалните аспекти, рударски комплекс за производство на катоден бакар – „Казандол“ Валандово, Македонија

Статус на документот:

Статус:	Финална Оцена на социјалните аспекти, за увид на соодветните финансиски институции
Одобрено од:	Билјана Сидеровска Директор, ЕМПИРИА ЕМС – Скопје
Адреса:	ул. Разловечко востание, 26/1А-27 1000, Скопје, Македонија
Телефон:	+389 76 299 969
Датум:	3 декември 2015
Потпис:	/дигитален потпис, Билјана Сидеровска/

Експертски тим за подготовка на документот:

Експерт	Позиција
Борис Стипчаров	Специјалист за взаемно дејство со засегнати страни и социјални аспекти
Константин Сидеровски	Специјалист за животна средина
Билјана Сидеровска	Специјалист за животна средина

СПИСОК НА КРАТЕНКИ

НПТ – најдобри применливи техники

АВРМ – Агенција за вработување на Република Македонија

ЕБОР – Европска банка за обнова и развој

ОВЖС – Оцена на влијанието врз животната средина

ОВЖСО – Оцената на влијанието врз животната средина и општеството

ЕУ – Европска Унија

ДИИП – Добра интернационална индустриска пракса

МФК – Меѓународна финансиска корпорација

МФИ – Меѓународна финансиска институција (институции)

ИЛО – Интернационална организација на трудот

ПРСЖ – План за реставрирање на средствата за живот

МЖСПП – Министерство за животна средина и просторно планирање

НВО – Невладина организација

СВ – Службен весник на Република Македонија

ЗПР – Заштита при работа

ПЗПР – План за заштита при работа

ЛСЗП – Луѓе/странки засегнати од проектот

СД – Стандард на дејност

БР – Барања за реализација на проекти

ППН – План за преселба на населението од подрачјето на проектот

Реф. – референца

РМ – Република Македонија

СОЖС – Стратешка оцена за животната средина

ПВД – План за взаемно дејство со засегнатите страни

ОСА – Оцена на социјалните аспекти

ДЗС – Државен завод за статистика

ПУС – План за управување со сообраќајот

ОН – Обединети нации

Извршно резиме

Приватната рударска компанија САРДИЧ МЦ ДООЕЛ, импорт-експорт Скопје (во натамошниот текст именувана како Инвеститор или Оператор) предложи изградба и пуштање во употреба нов рударски комплекс за производство на катоден бакар, на местото наречено Казандол, во општина Валандово, сместена во југоисточниот регион на Република Македонија (во натамошниот текст именувано како Проект).

Проектот беше изработен од САРДИЧ МЦ ДООЕЛ со цел на придржување кон македонските законски нормативи и нормативите на меѓународната финансиска корпорација (МФК) и Европската банка за обнова и развој (ЕБОР). Финскиот фонд за индустриска соработка (ФИНФОНД) разгледува одобрување на заем за делумно финансирање на Проектот.

Документов претставува Оцена на социјалните аспекти (ОСА) и ги опишува сите можни позитивни и негативни аспекти. Социјалните аспекти се определени и соодветно обработени, со употреба на пристапот на Добра меѓународна индустриска пракса (ДМИП). Предложените мерки олеснување на последиците се преземени од рамковните политики на две МФИ, имено на МФК и на ЕБОР, и на позитивните меѓународни искуства од рударскиот сектор.

Најсилно засегната заедница е онаа од селото Казандол, што во суштина се граничи со областа на концесијата, и се наоѓа на некои 300-400 м од рударскиот комплекс. Нивната единствена врска со светот ќе биде користена од двете страни, од проектот и од жителите. Нивната безбедност и здравје, нивниот добиток и начин на живот ќе бидат најзасегнати од проектот, но не во смисла дека животните услови ќе станат неподносливи, туку во смисла дека проектот ќе го измени нивниот начин на живот, порано или подоцна. Заедницата е малку ранлива, и проектот може да придонесе кон засилувањето на таа состојба. Одовде, најголемиот дел од мерките за ублажување на социјалните последици се концентрирани околу оваа заедница.

1. ВОВЕД

Приватната рударска компанија САРДИЧ МЦ ДООЕЛ, импорт-експорт Скопје (во натамошниот текст именувана како Инвеститор или Оператор) предложи изградба и пуштање во употреба нов рударски комплекс за производство на катоден бакар, на местото наречено Казандол, во општина Валандово, сместена во југоисточниот регион на Република Македонија (во натамошниот текст именувано како Проект).

Проектот беше изработен од САРДИЧ МЦ ДООЕЛ со цел на придржување кон македонските законски нормативи и нормативите на меѓународната финансиска корпорација (МФК) и Европската банка за обнова и развој (ЕБОР). Финскиот фонд за индустриска соработка (ФИНФОНД) разгледува одобрување на заем за делумно финансирање на Проектот.

Документов претставува Оцена на социјалните аспекти (ОСА) и ги опишува сите можни позитивни и негативни аспекти. Социјалните аспекти се определени и соодветно обработени, со употреба на пристапот на Добра меѓународна индустриска пракса (ДМИП). Предложените мерки олеснување на последиците се преземени од рамковните политики на две МФИ, имено на МФК и на ЕБОР, и на позитивните меѓународни искуства од рударскиот сектор.

2. ОПИС НА ПРОЕКТОТ

Пошироката област на проектот се наоѓа во југоисточниот дел на Република Македонија, во границите на Валандовско поле, на релативно растојание од 4 км од градот Валандово, позиционирано во јужна насока. Валандовско поле е плодородна алувијална рамнина окружена со планините Серта (Конечка планина) на север и со западните падини на Беласица на исток, како и со ридови означени со заедничко име Погана на југ. Полето се шири кон југоисток и долината на реката Вардар, и потоа продолжува кон југ во правец на Гевгелиско поле.

Административно, проектот е лоциран во Општина Валандово (слика 1). Општина Валандово се наоѓа во југоисточниот дел од Македонија, на површина од 331 км^2, се состои од 17 населени места со вкупно 11890 жители, 6000 од коишто живеат во градот Валандово. Општината е на крстосница на битни патишта што водат кон градот Скопје и кон општините Гевгелија, Дојран и Струмица. Низ општината поминува автопатот Е-75 Скопје – Гевгелија како дел од Европски коридор 10.

Во околината на комплексот постојат следниве населени места (слика 2), во радиус од 5 км:

- Градот Валандово (4402 жители), сместен на север[1]
- Населено место Пирава (1844 жители), на северозапад
- Населено место Брајковци (437 жители) и Балинци (328 жители) на запад
- Населено место Казандол (147 жители) сместено на југоисток.

[1] Податоци од Пописот на жители и домаќинства 2002, проведен од Државниот завод за статистика.

Слика 1. Административна организација на поширокиот регион на локацијата на рударскиот комплекс



Слика 2. Преглед на локацијата на рударскиот комплекс споредено со блиските населени места



Проектот за изградба на рударски комплекс за производство на катоден бакар Казандол ќе се спроведува на определената концесиска област за експлоатација, на целокупна површина од околу 15 км^2. Целокупната површина на рударскиот комплекс е околу 284 хектари.

Проектот предвидува изградба и управување со комплексот за производство на катоден бакар, инсталација со две меѓусебно поврзани групи на дејности:

- Ископување – експлоатација на метални минерали во рудник од отворен коп, со рамнинско прогресивно ископување на суровините
- Технолошки активности за лужење на минералните суровини и производство на катоден бакар во технолошки комплекс за преработка, по примена на посебни технологии карактеристични за оксидираната бакарна руда од наоѓалиштето.

Ископувањето на суровините во отворен коп ќе се изведува во рудник со дисконтинуиран систем на експлоатација. Врз основа на спроведените истражувања и определените геомеханички карактеристики на оперативната средина, технолошкиот процес на експлоатација ќе биде изведен со примена на следниве операции:

- Дупчачки и минерски работи, и дробење
- Товарање и транспорт на руда и јаловина
- Складирање на јаловината

Целокупниот технолошки процес за производство на катоден бакар вклучува две засебни функционални целини: геотехнички комплекс и производен комплекс конструиран според принципите на најдобри достапни техники (НДТ).

За целите на геотехничкиот комплекс се предвидува прогресивно формирање на купот од бакарна руда за лужење, чија што површина ќе се оросува (прска) со раствор. Купот ќе биде посебно конструирана област во рамките на рударскиот комплекс, каде што бакарната руда ќе биде здробена до потребната големина и складирана под соодветно дизајнирани услови. Транспортот и трансферот на растворите за лужење до полето се изведува со цевководи. Извлечените работни раствори ќе бидат складирани во две технолошки езера – работно езеро (Езеро 1) и работно и хавариско езеро (Езеро 2), што е дизајнирано да има работен и хавариски волумен.

Во рамките на комплексот, инсталации со различни својства ќе бидат изведени со цел за примена и контрола на процесот на преработка на работните раствори од лужењето на бакарната руда и добивањето на финалниот производ – катодниот бакар. Вкупната површина на комплексот за производство ќе биде околу 25.000 м2, и површината на технолошките инсталации во рамките на комплексот ќе биде околу 3.500 м2.

Технологијата на преработка на работните раствори може да се подели на следниве етапи:

- Екстракција и ре-екстракција
- Електролитско одлагање
- Натамошно одвојување на фазите
- Прочистување на органиката

Периодот на експлоатација на комплексот се предвидува да трае 15 години. Подетален опис на проектот е даден во Оцената на влијанието врз животната средина и општеството (ОВЖСО) на проектот.

Сликата подолу претставува преглед на основните дејности и структури во склоп на рударскиот комплекс.

Слика 3. Основни елементи на рударскиот комплекс за производство на катоден бакар Казандол



в

3. АНАЛИЗА НА АЛТЕРНАТИВИТЕ

Анализата на алтернативите беше детално спроведена во ОВЖС студијата, основниот документ создаден за потребите на овој проект.

4. ВЗАЕМНО ДЕЈСТВО СО ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ

За целите на проектот беше создаден документ наречен План за взаемно дејство со засегнатите страни, каде што се регистрирани сите претходни, тековни и идни взаемни дејства со засегнатите страни.

5. ПРАВНА И ПОЛИТИЧКА РАМКА

5.1. Преглед на применливата национална легислатива

Република Македонија е потписничка на бројни меѓународни конвенции за човекови права, на Обединетите нации и на Советот на Европа. Легислативата на Република Македонија, се движи кон целосно усогласување со постоечките директиви на ЕУ. Неколку подрачја од проектот се целосно покриени.

Подрачјето на безбедноста и здравјето на заедницата е покриено во македонската легислатива со следниве законски акти: закон за градежништво, закон за безбедност на патиштата, закон за јавно здравство, закон за превоз на опасни материјали, закон за спречување на ширењето на заразни болести и т.н. Прашањата на безбедноста и здравјето на заедницата се покриени и со други прашања, како што е бучавата и вибрациите, работата и работните услови, квалитетот на воздухот, и климата и хидрологијата, законот за заштита и спасување, законот за справување со кризи, законот за социјална сигурност, законот за домување, законот за еднакви можности за жените и мажите, законот за сообраќајно здравје и безбедност на патиштата.

Македонскиот Закон за здравје и заштита при работа (ЗЗЗР) и изведената легислатива налага работодавците да ги преземат сите неопходни мерки и да одржуваат прифатливи работни услови. Законот за работа ги регулира односите во поглед на работната сила и правата на вработените. Вработените мора да се придржуваат и да ги почитуваат сите преземени мерки за обезбедување на прифатливо здравје и работа при работа. Работодавците:

- Мора да ги информираат вработените за ризиците при работа и за превентивните мерки што мора да се преземат за спречување на тие ризици
- Мора да ги информираат вработените за нивните законски права и обврски и мора да им пружи на вработените тренинг за заштита на здравјето при работа
- Се одговорни за создавање безбедна работна средина, и мора да ги снабдат сите вработени со неопходна заштитна опрема
- Мора редовно да ја проверуваат таа и друга опрема за заштита при работа, и да се осигураат дека е во добра и работна состојба
- Мора да преземат неопходни мерки за заштита од професионални заболувања
- Мора да подготват план за заштита на здравјето и безбедноста, пред започнувањето на градежните работи.

Другите прашања покриени со македонското законодавство се синдикатите, работното време, пензиското и инвалидското осигурување, трудовата инспекција, надоместоци и минимални плати, здравственото осигурување, борбата против дискриминацијата, заштита од закани на работа, и други прашања.

Законот за експропријација ги регулира процедурите за експропријација на имотот за проекти од јавен интерес, и за сврзаните права на поседување (на земјиштето). Законот за експропријација ги регулира процедурите за експропријација на имотот за проекти од јавен интерес, и за сврзаните права на поседување (на земјиштето). Другите законски документи што го покриваат уредувањето на правата на сопственост на земјиштето се: закон за приватизација и наем на градежно земјиште, закон за градежно земјиште, закон за полјоделско земјиште, закон за сопственост и останати материјални и други закони.

Спроведувањето на Проектот ќе ги следи рамковните закони и регулативата на Република Македонија (РМ) и применливите МФК и ЕБОР политики и стандарди.

5.2. Македонски законски рамки за взаемно дејство со засегнати лица

Јавните објави и консултативните дејства се организирани во текот на подготовката на проектната документација и поврзаните стратешки и други студии согласно со следниве закони

- Закон за урбано и просторно планирање (Службен весник на РМ бр. 51/05, заменет со 199/14, 42/14, 44/15)

Овој закон го регулира системот на просторниот и урбаниот развој на Македонија, вклучувајќи информирање и учество на јавноста во процесот на развојот и усвојувањето на документацијата за урбано и просторно планирање.

- Закон за околната средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15)

Овој закон и придружната второстепена легислатива воспоставуваат барања за преземање Оцена за влијание на животната средина (ОВЖС) на можните влијанија врз животната средина за јавни и приватни проекти, што веројатно ќе имаат битно влијание на животната средина пред да се донесе согласност за развојот / градежна дозвола во смисла на дозвола за спроведување на проектот.

Сумарно, процедурите за јавните расправи и консултации ги содржат следниве чекори:

- Јавноста е информирана за деталите на јавните расправи за нацрт планот/документот (со примерок на увид и место и време кога може увидот да се изврши) низ медиумите и граѓаните/организациите се поканети да дадат коментари и/или да присуствуваат на јавните расправи;
- Јавни расправи се одржуваат во соодветен јавен простор (нпр. градска сала) и планот/документот се презентира;
- Коментарите од сите засегнати страни се добиени и процесирани, и планот/документот е ревидиран за да ги содржи и нив. Извештај со образложение за усвоените и одбиените коментари е доставен заедно со нацрт планот/документот до релевантните органи што проценуваат дали коментарите беа внимателно разгледани и усвоени;
- На сите коментари е даден одговор во писмена форма.

Јавноста мора да биде вклучена во секој чекор на ОВЖС процедурите и сите одлуки донесени во тој процес мора да бидат објавени во соодветни медиуми.

Други применливи закони што предвидуваат објавување на информации за проектот или пристап до информациите вклучувајќи механизми за жалби и апели, согласно со:

- Законот за градежништво (Сл. Весник на РМ 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 70/13, 79/13, 137/13, 150/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 12/15)
- Закон за експропријација (Сл. Весник на РМ 95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15)
- Закон за пристап кон јавни информации (Сл. Весник на РМ 13/06, 86/08, 06/10, 42/14, 148/15)
- Закон за постапување со жалби и поплаки (Сл. Весник на РМ 82/08, 13/13)

5.3. Македонски законски рамки за социјални прашања

Социјалните прашања се клучниот столб на сите закони. Но, од посебен интерес за проектот се следниве:

- Закон за социјална заштита (СВ на РМ бр. 79/09, 148/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14, 33/15, 72/15, 104/15, 150/15, 173/15)
- Закон за пензиско и инвалидско осигурување (СВ на РМ бр. 53/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15)

- Закон за домување (СВ на РМ бр. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13)
- Закон за здравствена заштита (СВ на РМ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 132/15)
- Закон за јавно здравство (СВ на РМ бр. 22/10, 136/11, 144/14, 149/15)
- Закон за санитарна и здравствена инспекција (СВ на РМ бр. 71/06, 139/08, 88/10, 18/11, 53/11, 164/13, 43/14, 144/14, 51/15, 150/15)
- Закон за еднакви можности за жените и мажите (СВ на РМ бр. 06/12)
- Закон за безбедност во сообраќајот (СВ на РМ бр. 195/15)
- Закон за заштита и спасување (СВ на РМ бр. 93/12, 41/14)

Социјалната грижа и заштита во Република Македонија се состои од услуги и бенефиции од социјалниот систем, што се финансира со даноци (социјалната превенција, согласно со Законот за социјална грижа, вклучува образовна и советодавна дејност, развој на форми на самопомагање, волонтерска работа и т.н., институционална грижа, и парична помош) и заснован на придонеси систем на социјално осигурување (пензии и инвалиднина, здравствено и осигурување за невработеност).

Законот за пензиско и инвалидско осигурување го дефинира задолжителното пензиско осигурување на вработените по работен договор и на другите лица што вршат дејност, основите на пензиското осигурување засновано на капитал, како и посебните услови за некои категории осигуреници, да го остварат правото на пензија и да примаат инвалиднина. Правата што настануваат од пензиското и инвалидското осигурување се следниве: право на старосна пензија, право на инвалидска пензија, право на преместување на други посоодветни работни места, право на соодветно вработување, право на преквалификација или зголемување на квалификацијата и право на соодветна финансиска компензација, право на семејна пензија, право на месечен надоместок за физичко оштетување, и право на минимална пензија.

Клучната точка од социјална перспектива релевантна за овој проект, на Законот за домување е дека предвидува можност за наем на станови во државна сопственост за социјално загрозените и бездомните лица, согласно со Законот за социјална заштита. Меѓу другото, Законот се однесува на прашањето на социјалното домување и домувањето на загрозените групи (деца без родители или без родителска грижа, корисници на социјална и трајна помош, лица погодени од природни катастрофи, инвалидизирани лица и лица што имаат потреба од грижа на друго лице, социјално загрозените лица од ромската заедница, самохрани родители со малолетни деца).

Законот за еднакви можности на жените и мажите ги определува основните и посебните мерки за воспоставување на еднакви можности за жените и мажите, компетенциите, задачите и обврските на одговорните актери за обезбедување на еднаквите можности, процедурите за определување на нееднаквиот третман на жените и мажите, и сврзаните прашања. Тој цели на промоција на принципите на воспоставувањето на еднакви можности за жените и мажите во политичката, економската, социјалната и образовната сфера, како и во другите области на општествениот живот.

5.4. Македонски законски рамки за трудот и условите на работа

Трудот и условите на работата се сметаат за едно од најбитните социјални прашања во Република Македонија. Од независноста, Република Македонија потпиша 75 од 77 конвенции со ИЛО (едната беше повлечена и не е применлива, затоа што РМ нема излез на море).

Најголемиот дел од конвенциите беше канализиран или преку Законот за работни односи или преку Законот за заштита и безбедност при работа. Другите закони што регулираат работни односи се следниве: Закон за трудова инспекција, Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност, Закон за вработување на инвалидизирани лица, Закон за социјална заштита.

Постои серија подзаконски акти и регулативи што ги покриваат прашањата определени во овие два закона. Основната легислатива што ги покрива Трудот и условите на работа е следнава:

- Закон за работни односи (СВ на РМ бр. 92/07, 163/11, 53/13, 137/13, 23/13, 25/13, 164/13, 158/14, 15/15, 129/15)
- Закон за трудова инспекција (СВ на РМ бр. 35/1997, 25/2002, 29/11, 164/13, 147/15)
- Закон за превоз на опасни материјали и амандмани (СВ на РМ бр. 92/07, 17/11 и 54/2011)
- Закон за вработување и осигурување против невработеноста (СВ на РМ бр. 112/14 и 154/15)
- Закон за заштита од вознемирување на работно место (СВ на РМ бр. 79/13, 147/15)
- Закон за градежништво (СВ на РМ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 70/13, 79/13, 137/13, 150/13, 163/13, 27/14, 28/14, 115/14, 149/14, 187/14 44/15)
- Закон за плати (СВ на РМ бр. 26/13, 170/13, 139/14, 147/15)
- Закон за вработување и работа на странци (СВ на РМ бр. 70/07, 5/09; 35/10; 148/11, 84/12, 38/14)
- Прирачник за минимални барања за безбедност и сигурност при работа на постојаните и привремените градилишта (СВ на РМ бр. 105/08)
- Прирачник за минимални барања за здравјето и безбедноста на работниците на работните места (СВ на РМ бр. 154/08)
- Прирачник за личната заштитна опрема што вработените ја користат при работа (СВ на РМ бр. 92/07)
- Прирачник за професионалните заболувања и безбедност при работа за работници изложени на ризик од бучава (СВ на РМ бр. 21/2008)
- Друга исцрпна листа на подредени Прирачници што покриваат работни услови во различни средини.

Законот за работни односи, како столб на легислативата за работните односи, го определува работниот однос меѓу работникот и работодавецот, заснован на договорот за работа. Во детали Законот ги уредува сите специфични права и обврски на секого од нив, на работникот и работодавецот, при склучување и под дејство на договорот за работа, и особено оние, што се однесуваат на перформансите на работата.

Основните точки што ги разгледува Законот за работните односи се следниве:

- Правото на синдикатите и нивните здруженија на штрајк за заштита на економските и социјалните права на нивните членови
- Прашањата врзани со синдикатите и здруженијата на работодавците
- Правото на работниците слободно да основаат синдикати и да стануваат членови под услови, поставени во правилникот на дадениот синдикат
- Правата и обврските во тек на штрајкот
- Колективни договори
- Мирно разрешување на индивидуалните и колективните спорови од областа на работните односи
- Специјална заштита на постарите работници
- Заштита на работниците под 18 години, заштита на лицата со инвалидитет на правото на нивна професионална рехабилитација
- Забрана за изведба на работата во текот на бременоста и по породувањето
- Специјална заштита во текот на бременоста, право на платено отсуство при бременост, при породување и при родителска грижа
- Правото на женските работници да се вратат на работа по отсуството за бременост, породување и родителска грижа
- Правото за користење на родителско отсуство за татковците или отсуство за старателство на дете

- Право на скратено работно време за родител на дете со пречки во развојот и посебни образовни потреби

5.5. Македонски законски рамки за заштита на културното наследство

Заштитата на културното наследство, без разлика дали е регистрирано или не, материјално или не, се покрива со специјализирана легислатива, што најмногу се состои од:

- Закон за заштита на културното наследство (СВ на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15) и поврзаните подзаконски акти
- Прирачник за националниот регистар на културното наследство (СВ на РМ бр. 25/05)
- Закон за споменици и монументи (СВ на РМ бр. 66/04, 89/08 и 152/15)
- Закон за музеи (СВ на РМ бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15 и 152/15)

Република Македонија ја ратификува УНЕСКО конвенцијата за заштита на светското културно и природно наследство, во 1991 година.

5.6. Македонски законски рамки за експропријација и набавка на земјиште

Во Република Македонија, долу наведените законски акти ги уредуваат прашањата на набавка на земјиште во државна сопственост за земјишни парцели во приватна сопственост, врз основа на неопходните јавни потреби:

- Закон за експропријација (СВ на РМ бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14)
- Закон за градежништво (СВ на РМ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15)
- Закон за проценка (СВ на РМ бр. 115/10, 158/11, 185/11, 64/12, 188/14)
- Методологија на проценката на пазарната вредност на земјиштето (СВ на РМ бр. 54/12)
- Прирачник за методата на катастарската класификација и определба, и регистрација на промените во катастарските култури и типот на земјиштето (СВ на РМ бр. 144/13)
- Закон против дивоградби (СВ на РМ бр. 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14 и 115/14)
- Закон за имот и други имотни права (СВ на РМ бр. 18/01, 99/08, 139/09, 35/10)
- Закон за постапки за жалби и предлози (СВ на РМ бр. 82/2008, 13/13)
- Прирачник за начинот на постапување по жалби и предлози (СВ на РМ бр. 2/09)
- Закон за катастар на имоти (СВ на РМ бр. 40/08, 158/10, 51/11).

5.7. Политики на МФК

Проектот беше разгледуван како проект од А категорија под МФК Рамка за одржливост (2012)[2] и ЕБОР Политика за животна средина и општество (2014)[3]. Ова значи дека проектот како гринфилд инвестиција, мора да генерира значителни потенцијални ризици за средината / општеството и/или влијанија што се разновидни, неповратни и без преседан.

МФК вложува напори да изведува инвестициска и советодавна дејност со намера „да не чини штета“ на луѓето и околната средина, да ја подобри одржливоста на операциите од приватниот сектор и пазарите, на коишто работат, и да постигне позитивни развојни резултати.

[2] http://www.ifc.org/wps/wcm/connect/115482804a0255db96fbffd1a5d13d27/PS_English_2012_Full-Document.pdf?MOD=AJPERES
[3] http://www.ebrd.com/news/publications/policies/environmental-and-social-policy-esp.html

МФК рамката за одржливост ја определува стратешката определба на Корпорацијата кон одржлив развиток, и претставува интегрален дел од приодот на МФК кон управувањето со ризици. Рамката за одржливост се состои од МФК Политика и стандарди на перформансите за еколошката и социјалната одржливост, и МФК Политиката на пристап кон достапните информации. МФК Политиката и стандардите на перформансите за еколошка и социјална одржливост ја определуваат посветеноста на МФК, улогата и одговорностите сврзани со еколошката и социјалната одржливост. МФК Политиката на пристап кон достапните информации ја одразува посветеноста на МФК на транспарентноста и доброто управување на операциите, и ги исцртува корпоративните институционални обврски за објавување на нивните инвестиции и советодавни услуги.

Од нејзините клиенти МФК бара да воспостават целокупни политики што ги дефинираат целите на околната средина и на социјалните прашања, и принципи што ќе го раководат проектот со цел постигнување трајни еколошки и социјални перформанси. Нивното раководство за постигнување на таа цел е изложено во Прирачникот за стандарди за перформансите (ПС) на еколошката и социјалната одржливост. Тие перформанси се следниве:

ПС1: Оцена и управување со ризиците и влијанијата на околната средина и на социјалните прашања
ПС2: Работа и работни услови
ПС3: Ресурси и спречување на загадувањето
ПС4: Здравје, безбедност и сигурност на заедницата
ПС5: Набавка на земјиште и недоброволно раселување
ПС6: Конзервација на биодиверзитетот и одржливо управување со живите природни ресурси
ПС7: Автохтоно население
ПС8: Културно наследство

Додека управувањето со еколошките и социјалните ризици и влијанија, на начин согласен со стандардите за перформанси е одговорност на клиентот, МФК се стреми да се обезбеди низ процесот на детална проверка (due diligence) мониторинг и надзор, дека деловните активности што ги финансира се применуваат соодветно со барањата од стандардите за перформансите.

Централните цели на МФК се следниве:

- Да ги препознае и оцени социјалните ризици и влијанија на проектот
- Да усвои хиерархија на мерки за намалување на штетните влијанија за предвидување или одбегнување, или ако одбегнувањето е невозможно, за минимизирање, а онаму каде што влијанието е трајно, за компензација / порамнување на ризиците и влијанијата за работниците, засегнатите заедници и околната средина
- Да промовира подобрени еколошки и социјални перформанси на клиентите низ ефективна употреба на услугите во управувањето
- Да обезбеди дека жалбите од засегнатите заедници и надворешната комуникација со другите засегнати лица се одговорени и соодветно уредени
- Да промовира и снабди средства за соодветно взаемно дејство со засегнатите заедници во текот на животниот циклус на проектот, на прашањата што може потенцијално да влијаат врз нив, и да обезбеди дека битната еколошка и социјална информација е објавена и распространета.

МФК се стреми да пружи прецизна и навремена информација во поглед на инвестициите и советодавните политики, како и поопширна институционална информација согласно со Политиката за пристап кон достапните информации.

ЕБОР

Европската Банка за Обнова и развој (ЕБОР) верува дека еколошката и социјалната одржливост претставува фундаментален аспект на постигнување резултати, соодветни со нејзиниот преоден мандат и истакнува дека проектите што негуваат еколошка и социјална одржливост се рангираат на највисоко место во нејзините приоритети.

Социјалната и еколошката политика на ЕБОР од 2014 година исцртува како Банката се справува со еколошките и социјалните влијанија на нејзините проекти низ:

- Определување на соодветните улоги и одговорности на Банката и на нејзините клиенти во дизајнирањето, спроведувањето, и операцијата на проектите усогласени со политиката на Банката и барањата кон проектите (БП).
- Поставување стратешка цел за промовирање на проекти со високи еколошки и социјални придобивки
- Воведување на еколошката и социјалната одржливост во сите нејзини активности

ЕБОР како потписник на Европските Принципи на Околната Средина, е посветена на промовирање на усвојувањето на ЕУ принципите на околната средина, практики и одржливи стандарди на проектите финансирани од ЕБОР, каде што истите може да бидат применети на рамниште на проектот без оглед на нивната географска положба. Кога законите на земјата домаќин се разликуваат од оние на ЕУ во поглед на битните стандарди за околната средина, се очекува проектите да се придржуваат кон оние стандарди, што се поригорозни.

ЕБОР:

Ја поддржува одговорноста на клиентите и нивните дејности за почит на човековите права и дека тоа е интегрален аспект на еколошката и социјалната одржливост. Оваа одговорност вклучува почитување на човековите права, избегнување на прекршувањето на човековите права на другите, обраќање кон негативните последици по човековите права што нивните деловни активности може да предизвикаат, или на коишто може да придонесат

Верува дека еднаквоста на половите е фундаментален аспект на современата, пазарно ориентирана економија и демократско општество

Ќе оцени до која мера промената на тарифите предизвикани од проектот може да повлијае врз достапноста на основните услуги за инвалидизираните или ранливите групи на население

Ќе биде претпазлива во нејзиниот пристап кон заштитата, конзервацијата, управувањето и одржливата употреба на живите природни ресурси и ќе инсистира соодветните проекти да вклучат мерки за зачувување, и каде што е остварливо, да ги подобрат екосистемите и биодиверзитетот што го поддржуваат

Посветена е на принципите на транспарентност, одговорност и взаемно дејство со засегнатите страни.

Банката усвои поголем комплекс на специфични Барања за перформанси на проектот (БП) за коишто се очекува проектот да ги исполни. Банката очекува клиентите да управуваат со еколошките и социјалните прашања сврзани со проектот и да ги исполнат БП во разумни рокови.

Да им помогне на клиентите и/или нивните проекти, да ги постигнат прашањата определени во политиката за околната средина и социјалните прашања, Банката определи специјални БП за клучните области на еколошката и социјалната одржливост, како подолу:

БП1: Оцена и управување со ризиците и влијанијата на околната средина и на социјалните прашања
БП2: Работа и работни услови
БП3: Ресурси и спречување на загадувањето

БП4: Здравје, безбедност и сигурност на заедницата
БП5: Набавка на земјиште и недоброволно раселување
БП6: Конзервација на биодиверзитетот и одржливо управување со живите природни ресурси
БП7: Автохтоно население
БП8: Културно наследство
БП9: Финансиски посредници
БП10: Објавување на информации и взаемно дејство со засегнати страни

Сите проекти поминуваат низ оценка од аспект на животната средина и на социјалните прашања. Оцената ќе разгледа дали проектот е способен да биде спроведен согласно со политиката на Банката и БП, и ќе вклучи оценка на потенцијалните финансиски, правни и ризици по угледот, а освен тоа, ќе определи потенцијални можности за подобрување во социјалната сфера и во околната средина. Оцената на социјалните прашања и на околната средина е интегрирана во вкупната оцена на проектот од ЕБОР.

Оценката на ЕБОР за еколошките и социјалните аспекти, вклучува разгледување на три клучни елементи: (1) влијанијата на природната средина и на социјалните прашања што проектот ги содржи (2) можностите и посветеноста на клиентот за спроведување на проектот согласно со релевантните БП (3) до пригоден степен, објектите и дејностите сврзани со проектот, но што не се финансирани од ЕБОР.

Оценката на ЕБОР бара клиентот да ги определи засегнатите страни што се можно засегнати и/или заинтересирани од проектот, да се открие доволно информација за влијанијата и прашањата што настануваат од проектот, и да се консултира со засегнатите страни во разумен и културно соодветен манир.

ЕБОР ги прегледува перформансите на проектот во сферата на заштитата на околната средина и на социјалните прашања, и неговата усогласеност со еколошката и социјалната посветеност на начин, договорен во легалната документација.

6. МЕТОДОЛОГИЈА

Ова поглавје ги дефинира методологиите искористени за опис на основната социјалната положба и оцена на социјалните влијанија на проектот.

6.1. Методологија на основната социјалната положба

Основната социјална положба за овој проект е создадена според податоците добиени од непосредната комуникација со засегнатите страни, достапната проектна документација (СОЖС, ОВЖС и концептуалниот план за затварање на комплексот), печатените материјали и посетите на подрачјето на проектот.

Со цел собирање на обновена и релевантна информација, во поглед на начинот на живот, постојните проблеми и можните закани, беше извршен процес на консултација со клучните засегнати страни од подрачјето на проектот. Во текот на консултациите беа применети различни методологии и стратегии:

- Преглед на достапните технички спецификации сврзани со предложениот проект, наменети за определба на можните социјални влијанија и лица и групи што можеби ќе бидат засегнати
- Анализа на постојната легислатива (национална и МФИ)
- Преглед на искористувањето на земјиштето на подрачјето на проектот

- Взаемно дејство со засегнатите страни низ консултациски средби со претставниците на различните засегнати страни: локални власти, национални власти (министерства и агенции), жители на населените места од подрачјето на проектот, невладините организации (НВО).

Беа искористени два вида на податоци, имено:

- Податоци/мерења собрани непосредно – се однесуваат на изворите на информации собрани директно од подрачјето на проектот
- Податоци собрани посредно – се однесуваат на податоци што веќе беа објавени/печатени.

Употребата на оваа дихотомија во собирањето податоци е значајна за разбирањето на локалната загриженост за социјалните и прашањата од животната средина, тековните процеси и услови во животната средина и во социјалната сфера, културните и општествените навики, како и социо-економските услови на жителите од подрачјето на проектот, истото ќе биде ускладено со соодветното определување на можните негативни социјални влијанија, и како тие може да се избегнат, минимизираат или нивните последици да бидат ублажени.

Податоците за основните социјални положби произлегуваат од различни достапни извори. Некои овде прикажани податоци беа собрани во текот на процесот на взаемно дејство со засегнатите страни, што е стандардна практика во анализата на социјалните услови. Собраните и обработените податоци беа вкрстено проверени со официјалните податоци, објавени од владините институции.

Битните необјавени податоци беа собрани во текот на неколкуте посети на подрачјето. Таа информација помогна во создавањето на солидна база за анализа на основните социјални положби на подрачјето на проектот, и покрива:

- Тековна состојба на инфраструктурата (локални патишта, водоснабдување, струја, отпадни води и управување со отпад)
- Местоположба на блиските населби и растојанието до нив
- Конфигурација на теренот
- Квалитет на домување и густина на населението
- Условите за живеење во населбите (начин на живот)
- Препознавање на другите животни навики и културни вредности
- Препознавање на економските навики и услови што не можат да бидат најдени во документацијата

Посредно собраните податоци вклучуваат консултации со официјалните публикации и бази податоци, што беа развиени претежно од владините тела/институции. Најголемиот број владини тела/институции собираат статистички податоци соодветни со нивната дејност.

Извештаите од локалните власти, како и научните социолошки, етнолошки, културни, археолошки и други студии за подрачјето се објавувани во различна форма. Најголемиот дел од нив се достапни во Народната и универзитетска библиотека во печатена форма, а некои од нив се достапни на интернет.

Анализата генерално демонстрира микро (специфично за подрачјето) пристап кон условите во животната средина и социјалните услови, во подрачјето на проектот. Мецо (општински) пристап и некојпат макро (национален) пристап се користени најмногу заради неопходноста точно да се опише чувствителноста на можните неповолни влијанија што проектов може да ги создаде.

Во текот на собирањето на податоците и нивната обработка, со цел прецизно да се обратиме кон неповолните влијанија, беа воведени определени методолошки ограничувања. Некои ограничувања беа последица на институционалната организација и овластувања, некои имаа комуникациска природа, одредени беа ограничени со организацијата на работата и некои беа едноставно сврзани со лимитираните финансиски средства.

6.2. Методологија за определба на последиците

Дејностите сврзани со промените во тековното човеково окружување секогаш создаваат различни социјални влијанија, што некојпат може да имаат негативен префикс. Одовде потребата да се има соодветна определба на можните проблеми и последици што тие ги носат со себе, и како резултат на тоа, предлог за соодветни мерки за ублажување на последиците што ќе ја компензираат настанатата штета.

Целта на оценката на социјалните влијанија е да ги процени привремените и постојаните последици од предложениот проект. Таа треба да ја нагласи потребата од создавање на позитивни последици и поволности за заедницата, не само за инвеститорите.

Во текот на оцената на можните социјални влијанија беа разгледувани следниве теми:

- Демографски промени
- Промените во здравјето и безбедноста на заедницата
- Промените во домувањето и во инфраструктурата
- Промените во начинот на живот и економските промени
- Користењето на земјиштето, поседувањето имоти и промените во намената на земјиштето
- Промените во социјалната кохезија
- Промените во квалитетот на животот
- Условите за работа и промените во работната сила

Пристапот кон оцената на социјалното влијание ги следи стандардните процедури на воспоставената меѓународна практика за оцена на социјалните последици: опис на тековната социјална состојба (земена како основна социјална положба), разгледување на промените во таа социјална положба предизвикани од Проектот, определба на значењето на тие последици и претпишување на соодветни мерки за намалување на влијанијата.

Целта на процесот за ОСА е да се стигне до позиција, каде што проектот нема никакви големи заостанати последици, секако не оние, што ќе имаат долг временски рок или ќе се рашират на поголемо подрачје. Сепак, некои аспекти може да имаат големи заостанати последици по исцрпувањето на сите практични мерки за намалување на влијанијата.

ОСА ги определува социјалните последици што произлегуваат од спроведувањето на проектот во неговите различни фази: пред градежните работи, градежни работи, оперативна фаза и фаза на затварање на проектот. Фазата пред градежните работи е фаза пред почетокот на градежните работи и вклучува подготовка на потребните планови, тендерски процедури, планирање на проектот и организациски активности. Фазата на градежните работи вклучува подготовка на градилиштето и градежни активности. Оперативната фаза ги следи активностите што се преземаат во животниот циклус на рудникот, производството, нивното редовно одржување, поправка и реконструкција. Фазата на затварање ги вклучува активностите за затварањето на комплексот и рекултивацијата на рудникот и придружната инсталација (куповите за лужење, инсталациите, езерата, зградите и друго).

Критериумите за оцена на можните последици од проектот се дадени во следнава табела.

Табела 1. Критериуми за оцена на можните последици

Критериум	Оцена	Опис
Природа	Позитивна	Последици што создаваат подобрување на основната социјална ситуација или воведуваат позитивна промена

	Негативна	Последици што создаваат негативни промени во основната социјална ситуација или воведуваат несакани елементи во основната ситуација
Тип	Непосреден	Последица на непосредно взаемно дејство меѓу дејностите на Проектот и ресурсите / приемниците
	Посреден	Последица на дејности сврзани со Проектот, но не директни дејности на Проектот
	Кумулативен	Резултати на повеќе еколошки/социјални влијанија на единствен приемник или ефекти на резултатите како комбиниран ефект на одделни развојни проекти
Размер	Само подрачје	Ефекти на последиците ограничени на 1 км од подрачјето на проектот
	Локално	Ефекти на последиците во радиум 1-20 км од подрачјето на проектот
	Регионално	Ефекти на последиците 20-50 км од подрачјето на проектот
	Национално	Ефекти на последиците над 50 км од подрачјето на проектот
Траење	Краткорочни	Последици предвидени да траат само во текот на градежниот дел
	Среднорочни	Последици предвидени да траат среден период по завршетокот на градежниот дел
	Долгорочни	Последици и нивни ефекти што ќе траат во текот на целиот животен циклус на проектот
	Постојани	Последици и нивни ефекти што ќе траат по завршетокот на целиот животен циклус на проектот
Веројатност	Сигурна	Влијанието ќе настане во нормални оперативни услови
	Можна	Последицата можеби ќе настане во некое време, во нормални оперативни услови
	Неверојатна	Последицата веројатно нема да настане, но можеби ќе настане во нормални оперативни услови
Магнитуда	Занемарлива	Нема забележлива промена во оценуваната состојба
	Ниска	Забележлива, но мала промена во оценуваната состојба
	Средна	Забележлива промена во оценуваната состојба, што не резултира со фундаментални привремени или постојани последици
	Висока	Фундаментална промена на дадена оценувана состојба што резултира со долготрајни или постојани последици, типично распространета во природата, и изискува значителна интервенција за враќање кон основната состојба, ги надминува националните стандарди и ограничувања
Значење	Занемарливо	Последица со занемарливо значење, кога ресурсот или приемникот нема да биде засегнат на никој начин од дадената дејност, или предвидениот ефект е незабележлив или нераздвоен од природните заднински нивоа
	Мало	Последица со мало значење, кога ефектот ќе се почувствува но магнитудата е доволно мала и сосема

		во дозволените граници и/или приемникот е со ниска чувствителност /вредност
	Умерено	Последица со умерено значење е во дозволените граници и стандарди. Акцентот на умерените последици е на приказот дека последицата е сведена на разумно прифатливи граници. Ова не значи дека умерените последиците треба да бидат сведени на мали, но дека умерените последици соодветно и ефикасно се управуваат
	Големо	Последица со големо значење, ги надминува дозволените граници и стандарди, или пак, последиците со големо значење настануваат кај високо вреднуваните / чувствителните ресурси / приемници

Доделувањето на значењето на последиците се базира на разумен аргумент, професионална проценка и разгледување на гледиштата и размислувањата на соодветните организации. Кај некои теми предвидените последици може да се оценат со квантитативни прагови и скалирање, во определбата на значењето. Доделувањето на секоја последица во едната од четирите категории на значење овозможува различни теми да бидат сместени на иста скала, дозволувајќи непосредна споредба. Значењето се разгледува како функција од магнитудата на влијанието и можноста за негов настанок. Матрицата за определба на последицата се опишува во наредната табела.

Табела 2. Матрица за определба на последицата

Значење: Магнитуда x Веројатност		Веројатност		
		Неверојатна	Можна	Сигурна
Магнитуда	Занемарлива	Занемарливо	Занемарливо	Занемарливо
	Ниска	Занемарливо	Мало	Мало
	Средна	Мало	Средно	Средно
	Висока	Умерено	Големо	Големо

Бидејќи сите разгледани последици во ОСА студијата не се секогаш негативни, туку има последици што се поволни за локалната или пошироката заедница и засегнатите групи, наредното кодирање е поставено за помош при визуелната определба на оценките на последиците што ќе бидат предизвикани од проектот.

Табела 3. Колор кодови на значењата

Негативни оцени	**Позитивни оцени**
Занемарливо	Занемарливо
Мало	Мало
Умерено	Умерено
Големо	Големо

7. ОСНОВНА СОЦИЈАЛНА ПОЛОЖБА

7.1. Подрачјето на проектот

Темата на подрачјето на проектот има два слоја на разбирање. Првиот слој е определен водејќи сметка за социо-економската и политичката организација на територијата и власта што е пренесена на определени легални политички тела одговорни за организација на животот и ресурсите на мапираната територија. Тоа е општина Валандово. Вториот слој се однесува на тесното разбирање

на засегнатата територија, како што се засегнатите населби во нивните административни граници и местоположбата на рудникот и придружните инсталации.

Првиот макро пристап, што се однесува на општината во целост, ни помогнува да го сфатиме животот на жителите на општината, бидејќи најголемиот дел од ресурсите на проектот е земен од општината, не само од неколкуте засегнати населби.

Вториот микро пристап, има тенденција да ги разгледува точните последици во непосредно засегнатите населби, вклучувајќи го рудникот и придружните инсталации. Неопходноста да се работи со два различни слоја на разбирањето на подрачјето на проектот произлегува од намерата да не се минимизира значењето на социјалните влијанија што ќе произлезат од проектот, особено последиците што непосредно ги засегаат населбите.

Општина Валандово е сместена во југоисточниот дел од Република Македонија, јужно од клисурата Демир Капија, источно од реката Вардар и западно и северно од падините на планината Плавуш и Беласица. Од север, општината се граничи со општина Струмица, додека на северозапад се граничи со општина Конче и општина Демир Капија. На запад, општината се граничи со општина Гевгелија, додека јужната граница е поделена со општините Дојран и Богданци, што имаат меѓународна граница. Само мал дел од источната граница е меѓународен, со Република Грција.

Општината, поточно градот Валандово како урбан центар, се наоѓа на крстосница на повеќе битни патишта што водат кон Скопје, Гевгелија, Дојран и Струмица. Низ општина Валандово поминува меѓународен автопат Е-75.

Општина Валандово зазема релативно голема површина од 331 км^2. Во поглед на релјефот, општината може да биде поделена на два дена: ридско-планински дел и рамнински дел. Ридско-планинскиот дел зазема приближно 20,8 км^2, или 63% од површината на општината. Рамнинскиот дел покрива 12,3 км^2, или 37% од површината на општината.

Подрачјето на проектот во потесна смисла на зборот вклучува пет населени населби и една напуштена: Валандово, Казандол, Брајковци, Балинци и Честово (напуштено). Рудникот и рударските инсталации е сместен меѓу селата Казандол и Брајковци, со географска и визуелна ориентација кон Пирава и Валандово.

Најзасегната населба е селото Казандол,бидејќи е на 1 км растојание од локацијата на отворениот коп. Во суштина, подрачјето на концесијата и рударскиот комплекс ќе биде на 100 м растојание од првите куќи, додека купот за лужење ќе биде на 500 м од селото Казандол. Патот што води кон селото ќе биде проширен и исто ќе се користи за потребите на рудникот, не само за жителите на Казандол.

Долнава карта ги прикажува позицијата на непосредно засегнатите и останатите населби, што влегуваат во општината.

Слика 4. Карта на општина Валандово со засегнатите населби



7.2. Употреба и искористување на земјиштето

За проектот е потребно земјиште со површина од околу 284 хектари, со цел да се изгради проектираниот рударски комплекс. Ова земјиште е во државна сопственост и припаѓа на Република Македонија. Во моментот, земјиштето на површината на комплексот не се употребува за било каква земјоделска или комерцијална дејност. Одовде, изградбата и операциите на рударскиот комплекс нема да претпостават неопходност од набавка, откуп или експропријација на земјиште или на друг имот од приватни поседници, и влијанието од тој аспект – загуба на земјиште во рамките на локацијата на проектот – нема да се случи. Најдобриот дел од неа е шумите. Соодветно, проектот нема да предизвика несакано физичко иселување, или присилна економска загуба или ограничување на пристапот кон природните и економските ресурси. Генерално, набавката на целото земјиште за изградба на проектот и пренамената на земјиштето за производство – индустриски цели, треба да се спроведе соодветно со македонското законодавство.

Процесот на набавка на земјиштето, вклучувајќи ги аспектите на пренамена на земјиштето од шумско во индустриско, ќе биде спроведено во согласност со македонското законодавство. Во случај на потреба од дополнителна набавка на земјиште, истото ќе биде спроведено согласно македонското законодавство и барањата и стандардите на МФИ.

Секоја можна појава на загуба на земјиште или друг имот, како и предизвикување штета на дејноста на локалното население, или загуба на приходи од тие дејности предизвикана од дејностите сврзани со фазата на изградба или со оперативната фаза на рударскиот комплекс, ќе биде предмет на надоместок согласно со позитивните македонски регулативи и барањата и стандардите на МФИ.

Картата во Прилог 2 ја покажува намената на земјиштето на подрачјето околу комплексот.

7.3. Демографија

Демографската слика на општина Валандово не е променета од последниот попис, спроведен во 2002 година. Таа не претрпе значителни измени како што тоа е случајот во речиси сите делови на Република Македонија. За периодот од 12 години општина Валандово изгуби околу 0.3% од населението, додека на национално рамниште населението се зголеми за 2.3%. Наредната табела дава преглед на демографската слика на општината за периодот од последниот попис на населението и домаќинствата од 2002 година.

Табела 4. Демографска слика на општина Валандово

	Претпоставка (31.12.2014)	Попис (2002)	Куќи (2002)	Домаќинства (2002)	(км^2)	Густина на население (2014)	Густина на население (2002)	Пораст на население
Република Македонија	2069172	2022547	689143	564296	25713	80	79	46625
Општина Валандово	11851	11890	4050	3545	331.4	36	36	-39

(извор: веб страницата на ДЗС[4])

Во текот на минатите 7 децении беа забележани мали варијации во бројот на населението на подрачјето на проектот. Следниов цртеж го покажува движењето на бројките на населението по годините на пописот во четири различни населени места: градот Валандово, село Казандол, сите засегнати села и општината во целост.

Слика 5. Преглед на состојбата со населението на подрачјето на проектот, според пописните години



(Извор: веб страницата на ДЗС)

Последната регистрирана состојба со населението, по пол и со интервал од 5 години, е претставена на долната слика. Жените сочинуваат 48.6% од населението на општината. Мажите доминираат во сериите од 20-60 години, каде што разликата е 5% од целокупното население. Тоа значи дека има голем број немажени и/или разведени/вдовци во серијата во тој распон на години.

Слика 6. Преглед на состојбата со населението во подрачјето на проектот, по годините на пописот

[4] Прикажаните податоци за 2002 година беа изведени од Пописот 2002, додека податоците за 2014 година се официјални претпоставки од Државниот завод за статистика и се достапни на веб страницата. Извор: веб страницата на Државниот завод за статистика.



(Извор: ДЗС, извештај 2.4.15.10 – Проценка на населението, 2015)

Стапката на миграција во општина Валандово е ниска, споредено со другите општини во Република Македонија. Наредната табела покажува дека стапката на миграција во општината е мошне ниска.

Табела 5. Миграциите во општина Валандово, 2014

Видови на мигранти, 2014	Валандово	Македонија
Вкупно имигранти	66	8525
Имигрирани лица од други општини	52	6591
Имигрирани лица од други населби во истата општина	14	1669
Имигрирани лица во Република Македонија од странство	0	265
Вкупно емигранти	59	9000
Имигрирани лица од други општини	45	6591
Имигрирани лица од други населби во истата општина	14	1669
Имигрирани лица во Република Македонија од странство	0	740

(Извор: ДЗС, извештај 2.4.15.08 – Миграции 2014)

Нето миграцијата за 2014 година сочинува 7 лица, што е забележан пораст од 1% на вкупниот број население на општината. Најголемиот дел од емигрантите мигрираат заради недостаток на можности за вработување, особено оние со универзитетско образование. Наспроти тоа, имигрантите што се доселија во општината имаат понизок профил на образование. Жените се основниот фактор на миграциските процеси во општината. Во 2014 година, 11 жени се доселија во општината, додека 4 мажи се отселиле од општината. Во поглед на етничкиот профил на мигрантите, Македонците се најподвижната етничка група. Нето популацијата на мигранти од турско етничко потекло во општината брои седум (7) лица, претежно жени. Женидбата е основната причина за 33 лица што емигрирале во 2014 година. Од истата причина, 37 лица имигрирале во општината. Најголемиот дел мигранти се на возраст од 15-29 години.

Етничкиот состав на засегнатото население, во поширока и потесна смисла, е прикажан на наредниот графикон. На Пописот во 2002 година, имаше 9630 (82.7%) Македонци, 1333 (11.2%) Турци, 639 (5.4%) Срби, 32 (0.3%) Рома, и 54 (0.5%) други. Но, како што е прикажано на долниот графикон, некои населби имаат релативно хомогено население во поглед на етничката структура.

Сите жители на село Казандол припаѓаат кон турската етничка група. Пирава, Валандово и Брајковци покажуваат мали варијации во етничкиот состав. Македонците се доминантната етничка група не само на рамниште на општината, но и во сите засегнати населби, со исклучок на селото Казандол. Следниов цртеж ја објаснува етничката слика на засегнатото население.

Слика 7. Преглед на состојбата на населението на подрачјето на проектот, според Пописот



(Извор: веб страницата на ДЗС)

Според локалните претставници, селото Казандол има 35 куќи со околу 90-100 возрасни луѓе (18+ години старост) и некои 30-40 деца (малолетни)[5]. Има 10 куќи со 3-4 деца, што живеат со нивните родители. Сите жители се етнички Турци. Неодамна (минатата година) две цели семејства се преселија во Германија.

7.4. Економија и начин на живот

Начелно, македонските граѓани ги добиваат приходите на следниве начини:

- Користејќи се со сопствениот труд и знаења (плата и други примања)
- Приходи од наем на имот и имотни права (недвижнини и други)
- Приходи од индивидуалните земјоделци и независните сопственици
- Преносни приходи (пензии, социјални исплати, исплати за невработеност, приватни исплати од странство)
- Приходи од капиталот (приходи од продажба на хартии од вредност, учество во недвижнините), и
- Дивиденди и приходи од камати (приток на инвестиции или приток на капитал)

Најчестиот извор на приходи на подрачјето на проектот е сопствениот труд и знаења, плата и други примања, иако и другите видови примања не се реткост. Зголемените животни трошоци имплицираат потреба од дополнителен приход, што мошне тешко се бележи, но е забележлив во потрошувачката на добрата, порастот на личните заштеди и создавањето на физички добра, најчесто недвижен имот.

[5] Државниот Завод за Статистика спроведува Попис на население и домаќинства на секои десет години. Најголемиот дел податоци се преземени од Пописот 2002 година. Во 2011, нов Попис на население и домаќинства беше подготвуван и започнат, но не довршен заради некои технички и политички пропусти. Пописот беше одложен на неопределено време.

Луѓето од подрачјето на проектот комбинираат различни начини за добивање приходи. Дел од тие приходи не потпаѓа под легално добиени (не се оданочени). Постои определено рамниште на сива економија што ги поддржува животите на обичните граѓани. Изнајмувањето недвижнини или имот, на пример, плодно земјоделско земјиште, нерегистрирани гаражни бизниси и работилници, незаконско сечење шума, лов/риболов и продажба на месо и друго, се дел од начинот за дополнителна заработувачка на подрачјето на проектот. Некои луѓе собираат билки за фармацевтската индустрија и за кулинарски потреби (ретки примероци на билки, тревки, печурки итн., што се наоѓаат на помалку посетени места).

Економијата во општината претежно се засновува на земјоделството и услугите. Долнава табела дава преглед на структурата на компаниите во општината, според основните дејности. Големо и малопродажба, поправка на моторни возила (пазари, работилници и сл.) е најголемата дејност за 35% од компаниите во општина Валандово. Некои 14.6% дејствуваат во земјоделството, додека некои 12.6% се компании сврзани со транспортот. Некои 34 компании (9.6%) се занимаваат со производство (производство и преработка). Ова се однесува на земјоделските продукти и делумно на облека.

Табела 6. Активни бизниси според дејноста

Ситуација на 31 декември	2014
Вкупно	357
Земјоделство, шумарство и рибарство	52
Рударство	0
Производство	34
Струја, гас, пареа и снабдување со кондиционирен воздух	2
Водоснабдување, канализација, управување со отпад, и рекултивација	1
Градежништво	8
Големо и малопродажба, поправка на моторни возила	125
Транспорт и складишта	45
Сместување и дејности сврзани со исхраната	21
Информации и комуникации	2
Финансиски и осигурителни дејности	3
Недвижнини	1
Професионални, научни и технички дејности	12
Административни и помошни дејности	0
Јавна администрација и одбрана, задолжително социјално осигурување	1
Образование	3
Здравје и дејности од социјалната работа	18
Уметност, забава и рекреација	8
Други услужни дејности	21
Дејности на домаќинството како работодавач	0
Дејности на екстратериторијални организации и тела	0

(извор: веб страницата на ДЗС)

Во 2014, најголемиот број компании во општината (74%) се микро претпријатија, што вработуваат претежно 1-5 луѓе. Некои 25% компании се мали компании, додека 2% се средни компании. Наредната табела дава преглед на здравјето на бизнисите во општината.

Табела 7. Активни бизниси по големина (состојба со 31 декември)

	Општина Валандово

Година	Вкупно	Микро	Мали	Средни	Големи
2014	357	260	89	8	0
2013	357	256	93	21	4
2012	369	268	94	7	0
2011	360	232	124	4	0
2010	373	200	169	4	0

(извор: веб страницата на ДЗС)

Стапката на невработеност во општината не е толку висока како на национално рамниште. Постојат предности на сезонската работа, како што се забележува од долната табела (декември 2014 спроти август 2015), кога дополнителна работна сила се ангажира за земјоделските дејности во текот ан сезоната на берба.

Табела 8. Стапка на невработеност

Невработеност	Македонија			Валандово		
31 декември	Вкупно	Селско	Дел	Вкупно	Селско	Дел
Август 2015	125605	38469	30.63%	690	389	56.38%
2014	123661	37436	30.27%	756	434	57.41%
2013	96200	26089	27.12%	447	237	53.02%
2012	243403	79394	32.62%	1639	1077	65.71%
2011	281144	92686	32.97%	1959	1309	66.82%
2010	321341	109179	33.98%	2111	1430	67.74%

(извор: веб страницата на АВРМ)

Селото Казандол малку допринесува за економијата во општината, во поглед на вработувањето. Речиси сите семејства добиваат земјоделски субсидии, заради нивниот земјоделски начин на живот (одгледување добиток и садење тутун). Има 3-ца вработени во оранжериите, уште 3 се вработени во земјоделската фабрика Анска Река, еден во Казиното во Гевгелија и останатите во државните/јавните установи. Вкупно, во село Казандол 13 луѓе се вработени и добиваат редовна плата. Некои 5 домаќинства добиваат редовни пензии. Има куќи во селото што добиваат финансиска помош од нивните роднини (деца) од странство.

Некои 3 луѓе од селото ловат зајаци, диви свињи и диви птици за продажба. Собирањето печурки и билки (за чај и за аптеките) е исто, честа практика на жителите на Казандол. Некои од жителите повремено се занимаваат со илегална сеча на шуми.

7.5. Земјоделство

Основниот извор на приходи во општина Валандово се земјоделските дејности. Општината има извонредна клима и географска положба, што дозволува квалитетна и квантитетна земјоделска продукција.

Земјиштето во општината активно се користи за земјоделски цели. Некои 9543 хектари земјоделски површини се искористени за земјоделство. Околу 53% се искористени како пасишта, додека останатите 47% се обработуваат. Основниот дел од обработливото земјиште припаѓа на ораници и градини, додека 36% се лозја, некои 5% се овоштарници, и 1% се ливади. Долнава табела дава преглед на распределбата на земјиштето во различните земјоделски дејности.

Табела 9. Земјоделско земјиште според категоријата на употреба

2014/хектари	Валандово
Земјоделско земјиште	9543
Обработена почва	4478
Ораници и градини	2603

Овоштарници	236
Лозја	1594
Ливади	45
Пасишта	5065

(извор: веб страницата на ДЗС)

Во 2014 година во општина Валандово имаше 60235 овошки. Најзастапени се сливите со 23% од вкупниот број овошки и нивното учество во производството на овошје во општината изнесува 28%. Кајсиите се на второ место со 17% од вкупниот број овошки и со 13% од вкупното производство на овошје. Вишните се застапени со 15%, но нивното учество во вкупното производство овошје е 10%. Праските се четврти со 15% и со 14% од вкупното производство на овошје. Црешите заземаат само околу 10%, но нивното учество е 14% од вкупното производство на овошје.

Кога станува збор за лозјата, во 2014 некои 1576 хектари лозја беа набрани, со 4015 лозници. Вкупното производство се движеше околу 11912 тони, што е 6% од вкупното лозарско производство во Република Македонија.

Исто во 2014, на ораниците и градините беа засадени: жито 375 хектари, зелка 231 хектар, овес 212 хектари, тутун 211 хектари, алфалфа 201 хектар, пченка 192 хектари, лубеници и дињи 152 хектари, компири 71 хектар итн.

Во текот на Пописот за земјоделство од 2007, спроведен од Државниот Завод за Статистика, во општина Валандово имаше 2399 земјоделски стопанства што обработуваа 2138 хектари од 2563 расположливо земјиште, поделено на 8539 парцели. Просечната парцела на искористеното земјоделско земјиште изнесува 3.56 хектари.

5994 луѓе (41.4% жени) учествуваа во земјоделските дејности. Некои 70% одгледуваа само житни растенија, 1.2% само добиток, додека 28% одгледуваа растенија и добиток. Долната слика ги илустрира пропорциите на сите вклучени членови на семејството.

Слика 8. Членови на семејството од општина Валандово што работат на индивидуални земјоделски стопанства како основна дејност, Попис за земјоделство, 2007



(извор: веб страницата на ДЗС)

Одгледувањето свињи, добиток, живина, коњи и овци е популарна практика на подрачјето на проектот. Долнава табела покажува распределба на добитокот по индивидуални земјоделски стопанства.

Табела 10. Број на индивидуални земјоделски стопанства со добиток, живина, зајаци и пчели, и број единици, Попис за земјоделство, 2007

	Добиток	Коњи	Овци	Кози	Свињи	Живина	Зајаци	Пчели
Индивидуални земјоделски стопанства	403	253	212	32	676	544	41	22
Број единици	1837	286	3891	2482	1268	8903	540	355

(извор: веб страницата на ДЗС)

Наводнувањето е исто вообичаена практика во општината, бидејќи климатските услови (врелината) создаваат притисок врз земјоделското производство. Лозјата, зеленчукот, житата и овоштарниците се наводнувани. Следнава табела ја покажува структурата на наводнуваните земјишта од Пописот од 2007.

Табела 11. Наводнувано земјиште, Попис за земјоделство, 2007

Наводнувано земјиште	Хектари
Вкупно наводнувано земјиште (хектари)	1164
Житни растенија	126
Индустриски растенија	11
Зеленчуци	318
Растенија за сточна храна	61
Овоштарници	109
Лозја	528
Ливади	6
Други насади	5
Вкупен број на земјоделски стопанства со наводнување	1916

(извор: веб страницата на ДЗС)

Во општината успешно работат винарници и фабрики за преработка и полупреработка на грозје. Дополнително постојат фабрики за одгледување на ран зеленчук, со акцент на домати, како и фабрики за конзервирање на овошје и зеленчук.

Луѓето од селото Казандол како примарен извор на средства го имаат одгледувањето добиток и земјоделските дејности. Имено, најголемиот дел од домаќинствата сади тутун, затоа што е субсидиран од државата. Исто така, селаните одгледуваат зелка, сливи, смокви, креши, пченка итн. Житото е исто застапено. Одгледувањето добиток се чини дека е најодржливиот бизнис, бидејќи има 10 домаќинства со речиси 250 грла добиток, некои 7 домаќинства со 1500 овци, и речиси секоја куќа има во просек по 5 кози (некои 300 кози вкупно). Секоја куќа има живина. Кравјото и овчото млеко се носи на локалните откупни центри во село Удово или Богданци. Речиси секое домаќинство поседува трактор и приклучна механизација за обработка на земјата.

Добитокот од Казандол, месните жители го носат на пасење по околните ридови: за добиток и кози во радиус од околу 1-1.5 км, за овци 1-3 км (види Прилог 2).

7.6. Домување, врски, и комунални услуги

Општина Валандово се состои од 29 населени места, едното од коишто е урбано населено место (градот Валандово). Бидејќи густината на населението е мошне ниска (38 луѓе/км2) најголемиот дел од жителите живеат во индивидуални куќи. Неколку станови може да бидат видени само во градот. Типичното домаќинство најчесто се состои од сопрузите и децата, и некојпат родителите на едниот од сопружниците живее во истото домаќинство. Сите села се приклучени на електрична енергија и имаат свое водоснабдување. Отпадните води се регулирани само во Валандово и во Пирава.

Другите населби се организирани на индивидуална основа, со индивидуални септички јами. Телефонијата е присутна во секоја населба.

Сите населби се сврзани со патишта. Во суштина, постои добра патна мрежа меѓу сите села. Патната мрежа на општината е прикажана на сликата подолу.

(извор: Google maps)

Секое домаќинство во Казандол е приклучено на електрична мрежа. Исто така, неодамна сите беа поврзани на локалната водоводна мрежа, овозможена од приватното Казино во соседната општина, на границата со Грција. Во последните 5 години селото доби 10 нови куќи. Патот кон Казандол, од крстосницата со Валандово и Брајковци, е изграден во 1997/98 година и е единствената врска со долните делови на општината.

Во советот на општината, нема претставници од селото Казандол.

7.7. Здравје и социјална заштита

Системот на здравствена заштита се состои од три сегменти: примарна, секундарна и терцијарна здравствена заштита. Примарната здравствена заштита во Македонија се засновува на мрежа од приватни и јавни здравствени установи: клиники и здравствени центри. Системот на примарната здравствена заштита вклучува превентивни, промотивни и куративни услуги низ различни профили здравствени работници и сродни професионалци: доктори, специјалисти по општа медицина, забари и педијатри, специјалисти по школска медицина, гинеколози и специјалисти по медицина на трудот. Секундарната здравствена заштита се дава низ систем на специјалистички советодавни услуги, општи и посебни болници и институти. Терцијарната здравствена заштита се практикува во клиничките болници и во Универзитетскиот клинички центар во Скопје. Овие две нивоа се одговорни за давање превентивни, куративни и рехабилитациони здравствени услуги низ различни специјалисти и субспецијалисти. Македонија има разработен систем на здравствена заштита, географски и финансиски пристап, контрола на заразните болести, и речиси целосна покриеност на населението со вакцинации.

Системот на здравствена заштита најмногу се финансира преку задолжителното здравствено осигурување, што дава можности на сите граѓани да бидат здравствено осигурени. Задолжителното здравствено осигурување се финансира низ издвојувања од платата, наменети за здравственото

осигурување, сума определена од Народното Собрание. Натаму, државниот буџет на Македонија доставува фондови за покритие на трошоците за здравствено осигурување за оние граѓани, што не потпаѓаат под здравствено осигурување по било која основа, вклучувајќи групи како малолетни деца до 18-годишна возраст (26, ако студираат), бремени жени, мајки доилки, лица постари од 65 години итн.

Во општина Валандово здравствената заштита е организирана низ државни и приватни здравствени институции. Во градот Валандово сместен е Здравствен дом Валандово, што дава примарна здравствена заштита на амбулаторска основа, и во него се следниве државни единици: Лабораторија, Прва помош, Имунизација, Домашна посета на болни и постари лица, Рентген, Физиотерапија, Гинекологија, Забарство, и Дневен центар за деца со пречки во развојот. Како дополнение, во општината постојат неколку приватни ординации на здравствената заштита: 6 за општа медицина, 8 забарски, 1 гинеколошка и 3 аптеки. Наредната табела дава преглед на состојбата со човечките ресурси вклучени во здравствената заштита во општина Валандово.

Табела 12. Покриеност на здравствениот сектор со медицински персонал во општина Валандово, 2012

2012	Валандово	РМ
Број на доктори во здравството во регионите на РМ		
Број жители по доктор	702	358.1
Вкупен број доктори	**17**	**5755**
Општа медицина	9	1875
Општа медицина (% од вкупен број доктори)	52,9%	32,6%
На специјализација	0	326
На специјализација (% од вкупен број доктори)	0,0%	5,7%
Специјалисти	8	3554
Специјалисти (% од вкупен број доктори)	47,1%	61,8%
Број на стоматолози	**7**	**1652**
Број на жители на 1 стоматолог	1704	1247,6
Број на фармаколози	**5**	**888**
Број на жители на 1 фармаколог	2385	2321
Персонал во медицинските единици во селските средини во регионите на РМ		
Постојани доктори	0	225
Периодични доктори	0	7
Здравствени работници со средно образование	0	334
Хот спотови	0	262

(извор: Здравствена карта на Република Македонија, 2012)

Најчестите причини за смрт во 2012 во општина Валандово беа заболувања на кардиоваскуларниот систем (62%) и неоплазма (17%).

Социјалната грижа и заштита во Валандово се спроведува преку Центарот за социјални работи Валандово. Наредната табела ја прикажува состојбата со социјалната грижа и заштита во општината. Вкупната слика на состојбата на социјалната грижа и заштита во општината е во рамките на просечната национална слика. Единствената можна загриженост претставува најголемиот број на малолетни корисници на социјална помош, 454 лица, или 3.3% од целокупниот број на малолетни уживатели социјална помош. Познавајќи го фактот дека општина Валандово учествува со 0,57% од вкупното население на Република Македонија, толку високата бројка може да укажува на потенцијално ранлива група меѓу малолетната популација.

Табела 13. Покриеност на здравствениот сектор со медицински персонал во општина Валандово, 2013

2014	Валандово	РМ	%
Детски додатоци			
Надоместоци за детски додаток	140	17602	**0,8%**
Приматели на посебни надоместоци	29	7165	**0,4%**
Еднократна финансиска помош за новородени	47	8773	**0,5%**
Уживатели на родителска помош за деца			
Родителски надоместоци за деца	90	17965	**0,5%**
Надоместоци за самохран родител	0	3	**0%**
Уживатели на социјална помош			
Малолетни	454	13895	**3,3%**
Полнолетни	122	37083	**0,3%**
Компании за вработување на лица со инвалидитет			
Институции	0	245	**0%**
Корисници	0	2316	**0%**

(извор: ДЗС, извештај 2.4.14.15 – Социјална заштита, 2015)

Во Казандол има 3 семејства (шест уживатели) на пакети социјална помош, распределени од локалниот Центар за социјална работа. Постои мошне ранливо многудетно семејство, при што многу од децата се со пречки во развојот. Други 2 семејства имаат инвалиди во домаќинствата.

7.8. Образование, грижа за децата, полова еднаквост

Општина Валандово има две основни и едно средно училиште. Еден објект на основното образование (Јосип Броз Тито) е сместен во градот Валандово, со деветгодишно училиште. Два други објекти на деветгодишни училишта се сместени во селата Пирава и Чалакли. Исто така, постојат седум објекти на петгодишни училишта, од истото училиште, во следниве села: Брајковци, Марвинци, Грчиште, Собри, Башибос, Дедели и Казандол. Наставата се одвива претежно на македонски јазик со исклучок на селата Чалакли, Башибос, Дедели и Казандол, каде наставата се одвива на турски јазик.

Второто основно училиште во општината (Страшо Пинџур) се наоѓа во село Јосифово и има четири гранки, во селата Удово, Марвинци, Грчиште и Калково.

Средното образование се одвива исклучително во гимназијата во општината, општинското средно училиште Гоце Делчев. Училиштето е поделено на два дела: гимназија и земјоделско-ветеринарно насочено образование.

Грижата за децата во општината ја спроведува Јавната општинска институција за детски градинки Калинка. Таа е сместена во градот Валандово. Нареднава табела го претставува бројот на учениците во образовните институции во општина Валандово.

Табела 14. Број на ученици во општина Валандово

	Градинка			Основно			Средно		
Ученици	Вкупно	Женски	%	Вкупно	Женски	%	Вкупно	Женски	%
2010/2011	163	80	49,08	1039	545	52,45	457	229	50,11
2011/2012	198	98	49,49	1026	534	52,05	428	217	50,70
2012/2013	183	101	55,19	1014	520	51,28	381	181	47,51
2013/2014	190	109	57,35	1008	515	51,09	347	172	49,57
2014/2015	185	92	49,73	1011	518	51,24	298	156	52,35

(извор: веб страницата на ДЗС)

Наставата во Казандол се изведува во посебна зграда (види слика подолу). Во објектот учат 9 деца, со настава до 5 одделение. Другите ученици што посетуваат настава од 6 до 9 одделение учат во селото Дедели. Општината организира превоз на ученици од Казандол до училиштето во Дедели или до средното училиште во Валандово.

Слика 10. Слика на училиштето во Казандол

(фото: Борис Стипчаров)

Кога станува збор за половата рамноправност, постои препознатлива разлика меѓу животот на жените во Казандол и во рамнинските делови на општината. Животот на жените во Казандол е строго традиционален, со доминантен „домаќински“ животен стил низ грижа за домот и децата, и помош на нејзиниот сопруг околу добитокот и другите земјоделски дејности. Жените во рамнинскиот дел, покрај тоа, бараат и платена работа. Тие се често редовно вработени, сезонски и постојани земјоделски работнички и друго.

Само две жени од Казандол се вработени. Едната е учителка во Дедели, другата е хигиеничарка во училиштето во Казандол. Студентка од Казандол студира архитектура во Скопје. Таа е на втора година од студиите.

7.9. Културно наследство, религија, вредности и навики

Подрачјето на проектот беше населено од прастаро време. Географската положба и климатските услови создаваа одлични околности за воспоставување на човечки населби. Со векови луѓето овде наоѓаа пријатна околина, што дава здрав живот за сите битија. Без сомнение, тие сите оставија трагови на локалната околина и култура. Такви артефакти може да бидат најдени во бројните археолошки наоѓалишта од подрачјето на проектот, како што се прастарата населба и гробишта во околината на селото Марвинци. Најголемо значење има наоѓалиштето Исар Марвинци (Исар Кале). Наоѓалиштето се наоѓа во близина на селото Марвинци, на 7 км југозападно од Валандово и на релативно растојание од 7 км западно од планираниот рударски комплекс, во близина на автопатот Скопје-Гевгелија, на левиот брег од реката Вардар. Во таа област од прастаро време постоеше населба и нејзините остатоци, благодарение на поволното време и позицијата на долината на Вардар, подоцна настана прастарата населба од Хеленистичко време, што постепено прерасна во битен економски, транспортен и културен центар на областа, што во античко време се нарекуваше Амфакситис.

Во рамките на планираниот комплекс не постојат траги на археолошки наоѓалишта или други забележани заштитени објекти на културното наследство, што би биле непосредно погодени од изградбата и од оперативните дејства на проектот.

Следнава табела дава преглед на археолошките наоди на подрачјето на проектот.

Табела 15. Регистрирани археолошки наоѓалишта на подрачјето на проектот

Населба	Археолошки наоди
Брајковци	Манастир – рано христијанска базилика Чукарски Пирој – доцно хеленска и римска населба
Валандово	Зелениште – ранаримска некропола Исар Кале – Доцно античка населба Манастириште – доцно античка некропола Стакина Чешма – Доцно римска населба
Казандол	Казандолска река – римска населба Мандра Чешма – Укрепена средновековна населба
Пирава	Карталово село – хеленистичка и римска населба Крстот – доцна античка некропола Турски гробишта – светилиште, мавзолеј од римско време Чарго – населба од римско време

(извор: Археолошка карта на Република Македонија, Том II, 1996)

На подрачјето на проектот постојат неколку цркви и една џамија. Православните цркви се наоѓаат во следниве населби: Пирава – храм Свети Ѓорѓи, Валандово – манастир Свети Ѓорѓи и храм Свети Димитриј, Брајковци – храм Свети Ѓорѓи, Балинци – храм Свети Димитриј.

Џамијата Хаџи Ибрахим се наоѓа во селото Казандол. Сите жители на Казандол се од муслиманска верска исповест, иако нередовно ја посетуваат џамијата. Оние, што ја исповедаат верата, го прават тоа во ново изградената џамија сместена во самото село.

Подрачјето на проектот е познато по три популарни културни настани: ФОЛК ФЕСТ – фестивал на фолк музика (23-25 мај секоја година), ВАЛАНДОВСКА РАКИЈАДА – натпревар во производство на домашен алкохолен пијалак, ракија (средина на октомври) и ХИД БА ШЕН ФЕСТ (почеток на мај), фестивал на турската етничка заедница на регионот, што се одржува во селото Чанакли.

8. ОЦЕНКА НА ПОСЛЕДИЦИТЕ

8.1. Систем на социјално управување

8.1.1. Фаза на изградба и операции

Последица 1: Неправилно раководство при остварувањето на системот за социјално управување

Примената на системот за социјално управување изискува добра организација и посветени вработени што ќе ги земат предвид сите препораки произлезени од овој документ, договорите со МФИ, и соодветните програми што се сврзани со одделот за заедници и примената на добрите меѓународни индустриски практики.

Последица 1	Неправилно раководство на системот за социјално управување	
Критериум на последицата	Оцена	Опис
Природа	Негативна	Несакана

Тип	Посреден	Последица на дејности сврзани со Проектот, но не директни дејности на Проектот
Размер	Локален	Последицата на проектот ќе се почувствува пошироко отколку само на подрачјето на проектот, и тоа може да влијае на локалните снабдувачи
Траење	Среднорочно	Последицата најверојатно ќе настане во фаза на изградба и на операции
Веројатност	Можна	Последицата најверојатно ќе настане под нормални оперативни услови
Магнитуда	Средна	Мерките за намалување на последиците може да помогнат во поправката на резултатите
Значење	Умерено	Последицата може да биде управувана со намалување на негативните ефекти

Мерки за ублажување на последиците

Вработено лице од САРДИЧ МЦ мора да биде назначено за управување и следење со мерките за намалување на последиците и мониторинг на програмите, и редовно да ги известува највисоките инстанции во компанијата за надворешните засегнати лица.

Ова лице мора да биде запознаено со процедурите на компанијата, МФИ стандардите/барањата, плановите и програмите што треба да се реализираат во тек на развитокот на проектот, и други прашања што не се сврзани со процесот на производство.

Со цел на остварување на соодветно управување, не се препорачува да се делегираат управните одговорности од различните делови на социјалниот (и еколошкиот) управен систем на различни вработени. Поумно е да се тренира, назначи и постојано усовршува професионалец, што ќе може да ги управува одговорностите што доаѓаат со финансиите од надворешните извори.

Останати

Останатите последици се небитни ако сите мерки се преземени.

8.2. Взаемно дејство со засегнати страни

8.2.1. Фаза пред и фаза на градежните работи

Последица 2: Зголемена вознемиреност заради отсуството на комуникација со локалните населби и сопственици на имоти во близина на подрачјето на проектот

Сопствениците и корисниците на земјиштето во близина на рударскиот комплексот, особено при конфигурација на теренот како што е дадениов проект, може да се посомневаат дека нивните парцели ќе бидат одземени за обезбедување пристап, илегално купени, дека ќе се намали квалитетот на земјата и другите работи. Ваквото сомневање може да создаде негативен став кон проектот и некојпат луѓето со негативен став за проектот може да постават различни прашања сврзани со нивниот страв од загуба на земјата што ја поседуваат или ја обработуваат. Тие исто може да создадат негативно јавно мислење и некојпат може да се обидат да преземат акции за заштита на нивниот интерес, што може да биде во спротивност со проектот.

Последица 2	Зголемена вознемиреност заради отсуството на комуникација со локалните населби и сопственици на имоти во близина на подрачјето на проектот	
Критериум на последицата	Оцена	Опис
Природа	Негативна	Несакана

Тип	Посреден	Последицата е резултат на дејности вон проектот, што настануваат како резултат на проектот
Размер	Локален	Последицата најмногу ќе се однесува на општината
Траење	Краткорочно	Последицата ќе настане во фаза пред градежните работи и во текот на градежните работи
Веројатност	Можна	Искуството покажува дека недостатокот во комуникација секогаш предизвикува вознемиреност и недоверба
Магнитуда	Средна	Мерките за намалување на последиците може да помогнат во поправката на резултатите
Значење	Умерено	Последицата може да биде управувана со намалување на негативните ефекти

Мерки за ублажување на последиците

Препорачливо е САРДИЧ МЦ да спроведе серија дејности за соработка со засегнатите страни, особено со оние што поседуваат земјиште во близина на проектот. Мора да биде создаден механизам за жалби и поплаки, и истиот да биде јавно достапен во секое засегнато населено место, во седиштето на компанијата и на проектот, и во просториите на општина Валандово.

Компанијата мора постојано и редовно да одржува комуникација со засегнатите жители на Казандол и со оние, што поседуваат земјиште во близина на проектот или до пристапните патишта до проектот од главниот пат.

Останати

Извесни последици ќе заостанат, но со далеку помал интензитет затоа што е мошне тешко да се влијае на мислите на луѓето и на нивните интереси и желби.

8.2.2. Оперативна фаза

Последица 3: Намалени взаемни дејства со засегнатите страни во тек на оперативната фаза

Штом почне процесот на производство, најчесто компаниите ги пренасочуваат ресурсите кон подобрување на ефикасноста на компанијата и често заборавaат за неопходноста на зачувување добри односи со сите засегнати страни. Мора да се има предвид дека во текот на периодот на експлоатација на рудникот може да постојат значителни промени во структурата на засегнатите страни и на нивните интереси и грижи. Нештата може лесно да излезат од контрола ако постои недоволна комуникација меѓу компанијата инвеститор и засегнатите страни.

Последица 3	Намалени взаемни дејства со засегнатите страни во тек на оперативната фаза	
Критериум на последицата	Оцена	Опис
Природа	Негативна	Несакана
Тип	Посреден	Последица е резултат на дејности вон проектот, што настануваат како резултат на проектот
Размер	Локален	Последицата најмногу ќе се однесува на општината
Траење	Краткорочно	Последицата ќе настане и ќе трае во фазата на експлоатација
Веројатност	Можна	Последицата најверојатно ќе настане под нормални оперативни услови
Магнитуда	Средна	Мерките за намалување на последиците може да помогнат во поправката на резултатите

Значење	Умерено	Последицата може да биде управувана со намалување на негативните резултати

Мерки за ублажување на последиците

Компанијата мора да држи отворен канал за комуникација со засегнатите и заинтересираните страни на подрачјето на проектот во текот на оперативната фаза, бидејќи не сите засегнати страни се во можност или желни да пополнат жалба или поплака. Компанијата мора редовно да одржува полугодишни состаноци со претставниците на локалните населби и другите засегнати страни. Мора да се нагласи дека е потребно силно женско присуство на тие состаноци.

Останати

Останатите последици се небитни ако сите мерки се преземени.

8.2.3. Фаза на затварање

Последица 4: Несоодветно управување со социјалните прашања во текот на затварањето на рудникот

Кога компанијата го затвара бизнисот, таа обично планира да не навлегува во дополнителни трошоци. Ова е особено практика кога менаџментот одлучува предвремено да ги запре или затвори активните бизниси, што се непрофитабилни за определен временски период. Луѓето што се директно или индиректно сврзани со компанијата или се дел од засегнатата заедница, имаат право да ја разберат политиката на компанијата во некое соодветно време однапред, за да се прилагодат себеси на новата ситуација што ги очекува.

Во вакви случаи обично се спроведува слаба взаемна соработка со засегнатите страни, на најминимално ниво, или воопшто не доаѓа до соработка. Мотивот е, обично да се прескокнат преземените обврски што ја означуваат компанијата како една од компаниите со добри меѓународни индустриски практики. Ваквото несоодветно управување со социјалните прашања во текот на затварањето на рудникот може да има бумеранг ефект ако компанијата одлучи да го отвори повторно или да го прошири бизнисот, по некој временски период. Луѓето повеќе нема да имаат доверба во компанијата.

Последица 4	Несоодветно управување со социјалните прашања во текот на затварањето на рудникот	
Критериум на последицата	Оцена	Опис
Природа	Негативна	Несакана
Тип	Посреден	Последицата е резултат на дејности вон проектот, што настануваат како резултат на проектот
Размер	Локален	Последицата најмногу ќе се однесува на општината
Траење	Постојано	Последицата и ефектите ќе траат или ќе продолжат по животниот век на проектот
Веројатност	Можна	Последицата најверојатно ќе настане под нормални оперативни услови
Магнитуда	Средна	Мерките за намалување на последиците може да помогнат во поправката на резултатите
Значење	Умерено	Последицата може да биде управувана со намалување на негативните резултати

Мерки за ублажување на последиците

Инвеститорот мора да спроведе низа дејности за соработка со засегнатите страни, со локалните жители на Казандол, и со операторите на терен и во лозјата, со цел на нивно информирање за

ефектите од затварањето на рудникот. Јавното објавување и консултациите ќе бидат организирани во врска со подготовката на проектната документација и поврзаните стратегии и други студии.

Компанијата мора да држи отворен канал за комуникација со засегнатите и заинтересираните страни на подрачјето на проектот, дури и кога не се вршат никакви рударски или производни активности, кога се завршени сите процеси на рехабилитација и рекултивација. Обично задолжениот за Системот за социјално и еколошко управување и менаџмент и мониторинг на преземените обврски по договор, и следејќи ги најдобрите меѓународни практики, може да биде оној, кој што ќе проследи сите жалби и поплаки примени по затварањето да бидат проследени соодветно и да нема незадоволни и нерешени прашања што ќе останат за дискусија во годините по затварањето на рудникот.

Останати

Останатите последици се небитни ако сите мерки се преземени.

8.3. Економија и начин на живот

8.3.1. Фаза пред изградба

Последица 5: Доцнење во реализирањето на проектот

Можно е дека ќе постојат определени доцнења со набавките заради недоразбирањето со барањата на МФИ што се однесуваат на работа со изведувачите во целост. Стандардите на МФИ се применуваат и на компаниите на подизведувачите. Најчесто не е едноставно и лесно да се најми изведувач што ги има сите неопходни ресурси потребни за успешно реализирање на градежните работи.

Сите стандарди и барања во поглед на политиките за животна средина и социјални прашања мора да бидат задоволени, а тоа може да предизвика друг ефект – зголемување на трошоците на инвестицијата.

Последица 5	Доцнење во реализирањето на проектот	
Критериум на последицата	Оцена	Опис
Природа	Негативна	Несакана
Тип	Посреден	Последицата е резултат на дејности вон проектот, што настануваат како резултат на проектот
Размер	Локален	Последицата ќе се почувствува на подрачјето на општината
Траење	Краткорочно	Се предвидува последицата да трае само во фаза на изградбата
Веројатност	Можна	Последицата најверојатно ќе настане под нормални оперативни услови
Магнитуда	Средна	Мерките за намалување на последиците може да помогнат во поправката на резултатите
Значење	Умерено	Последицата може да биде управувана со намалување на негативните резултати

Мерки за ублажување на последиците

Набавките мора да бидат внимателно планирани и извршени во смисла дека мора да се испитаат сите можни варијанти за најмување на подизведувачи. Персоналот на инвеститорот мора да започне рани разговори со сите заинтересирани компании за градежни работи. Инвеститорот мора или да алоцира персонал или да најми искусен надворешен соработник што ќе ги подготви сите потребни документи и процедури пред објавувањето на тендерот.

Останати

Во извршувањето на проектот секогаш може да настанат доцнења, иако сите процедури и препораки се извршени. Во секој случај, овој проект е комплексен и бара вклучување на различни професионалци и компании што не се секогаш во соодветна форма за прифаќање на задачите и не се спремни за тимска работа.

Последица 6: Загуба на малите парцели што служеа за пасење добиток

Жителите на Казандол го изведуваат добитокот на пасење на 1-1.5 км за крупен добиток и кози, и на 1-3 км за овците во радиусот на селото. Локацијата на проектот се наоѓа во тој радиус, иако не често и целосно е искористена за пасење, во помали делови. Со извршувањето на проектот и со заштитната ограда околу рударскиот комплекс овие делови повеќе нема да бидат достапни за пасење на добитокот. Одовде, сточарите што го водеа добитокот во идниот рударски комплекс ќе мора да најдат други ресурси што нема да ги загрозат економските вредности на другите жители на Казандол, што исто така го пасат добитокот во тие слободни зони.

Последица 6	Загуба на малите парцели што служеа за пасење добиток	
Критериум на последицата	Оцена	Опис
Природа	Негативна	Несакана
Тип	Посреден	Последицата е резултат на дејности вон проектот, што настануваат како резултат на проектот
Размер	Локален	Последицата ќе се почувствува на подрачјето на проектот
Траење	Долгорочно	Последицата и ефектот ќе траат по животниот циклус на проектот
Веројатност	Сигурна	Последицата ќе настане под нормални оперативни услови
Магнитуда	Ниска	Забележлива, но предизвикува мали промени во разгледуваната ситуација
Значење	Мало	Ќе биде набавено мало количество земјиште

Мерки за ублажување на последиците

Неопходно е навремено да се информираат сточарите за плановите за изградба на оградата околу рударскиот комплекс за да ја разгледаат можноста да го водат добитокот на пасење на другите слободни места.

Останати

Останатите влијанија забележливо ќе опаднат со фазата на затварањето на проектот, кога подрачјето на рударскиот комплекс ќе биде рехабилитирано и рекултивирано до услови, слични на претходните.

Последица 7: Подигнување на очекувањата на засегнатото население за вработување

Нов рударски проект значи дека постојат можни работни места за локалното население. Но, не сите невработени лица во таа област можат да бидат вработени во рудникот. Невработените ќе очекуваат дека конечно стигнаа до можноста за вработување на некое работно место. Во малите и релативно традиционални заедници, разговорите меѓу жителите за слободните работни места што ќе дојдат со отворањето на рудникот, може да го загреат и да го накачат нивото на очекувањата.

Последица 6	Подигнување на очекувањата на засегнатото население за вработување	
Критериум на последицата	Оцена	Опис
Природа	Негативна	Несакана

Тип	Посреден	Последицата е резултат на дејности вон проектот, што настануваат како резултат на проектот
Размер	Локален	Последицата ќе се почувствува на подрачјето на општината
Траење	Среднорочно	Последицата се предвидува да трае некое време по животниот циклус на проектот
Веројатност	Сигурна	Последицата ќе настане под нормални оперативни услови
Магнитуда	Ниска	Мерките за намалување на последиците може да помогнат во поправката на резултатите
Значење	Умерено	Последицата може да биде управувана со намалување на негативните резултати

Мерки за ублажување на последиците

Пред почетокот на градежните работи Инвеститорот мора да настапи во јавноста со добар план за вработување, развиен заедно со локалната или со републичката Агенција за вработување на Република Македонија, каде што ќе изјави дека ќе има работни места, но само за квалификуваните и за оние, што ќе го поминат процесот на тренинг и на преквалификација. Не е добро да се зголемат очекувањата во толку мала социјална средина (општината и засегнатите населени места) заради латентните негативни социјални последици што ваквите очекувања ги носат со себе. Компанијата ќе најми неквалифицирана работна сила, но и мошне квалифицирани профили бидејќи предвидено е рудникот да работи со посебна технологија, поволна по животната средина. Во секој случај, некои од жителите на Казандол мора да бидат вработени, и инвеститорот мора да обезбеди тренинг за некои од планираните работни места во рудникот.

Останати

Иако мерките за намалување на последиците ќе бидат применети, може да се очекуваат некои заостанати последици.

Последица 8: Вработување на локалната невработена работна сила

Отворањето работни места при изградбата на рударскиот комплекс и во тек на оперативната фаза може да има значителни позитивни последици од проектот.

Во фазата на изградба ќе бидат потребни луѓе со широк спектар на квалификации: од неквалифицирани до високо квалифицирани луѓе. Работите за неквалифицираните работници ќе вклучуваат активности што бараат физичка сила, додека работите што бараат квалификација ќе вклучуваат работа на различни позиции (работи со армиран бетон, работи со инсталации, работи за внатрешни инсталации итн.) Работи што бараат висока квалификација ќе вклучуваат управување, надзор, контрола и одржување.

Во текот на оперативната фаза наемот за рудниците на работна сила потребна за ископ на рудата од отворениот коп и на персонал потребен за лужење на минералните материјали и за производство на бакарни катоди во производниот комплекс. Како дополнение, ќе се појави потреба од ангажирање на високо стручен персонал за управување, мониторинг, контрола на процесите и одржување на рударскиот комплекс. Процена на вкупните потреби од работници во производниот комплекс се дадени во долната табела.

Единица	Процена за потребен персонал
Лужење на сировите материјали	11 вработени
Производство (4 смени)	40 вработени
Лабораторија	9 вработени
Одржување	31 вработен
Управување и администрација	19 вработени

Извор: Студија за изводливост, Рударски комплекс за производство на катоден бакар „Казандол“, Сардич МЦ ДООЕЛ, Скопје, 2014, подготви: Јонтех 2000 АД Софија, Бугарија

Во поглед на политиката на вработување САРДИЧ МЦ како оператор ќе им даде предност на жителите на локалните заедници, особено од најблиската населба. Ова е посебно вистинито за неквалифицирани или ниско квалифицирани работни позиции, без посебни работни вештини. Веројатно за работните позиции што бараат висока квалификација, ќе треба да се вработат луѓе надвор од подрачјето на проектот.

Последица 8	Вработување на локалната невработена работна сила	
Критериум на последицата	Оцена	Опис
Природа	Позитивна	Сакана
Тип	Непосреден	Последицата е резултат на дејности вон проектот, што настануваат како резултат на проектот
Размер	Локален	Последицата ќе се почувствува на подрачјето на општината
Траење	Долгорочно	Влијанието и ефектите ќе траат во текот на целиот животен циклус на проектот
Веројатност	Сигурна	Последицата ќе настане под нормални оперативни услови
Магнитуда	Висока	Позитивна
Значење	Големо	На последицата не ѝ требаат мерки за намалување на негативните резултати

8.3.2. Фаза на изградбата

Последица 9: Промена во стекнувањето на средства за живот за луѓето во Казандол

Заради ограничениот пристап кон достапните ресурси како што е собирањето печурки, собирањето билки, земја за обработка и за пасење на добитокот, и сечење дрва за огрев (дури и незаконското) во поглед на постоењето на рудникот, секако ќе дојде до промена во начинот, како луѓето од Казандол се стекнуваат со средства за живот бидејќи живеат во близина на подрачјето на проектот. Оние што не може да бидат вработени во компанијата, се истите оние што се служат со овие ресурси на подрачјето на проектот и може да бидат крајно ранливи ако овие слободни ресурси се пресечат.

Последица 9	Промена во стекнувањето на средства за живот за луѓето во Казандол	
Критериум на последицата	Оцена	Опис
Природа	Негативна	Несакана
Тип	Непосреден	Влијанието е резултат на дејности последици на проектот
Размер	Локален	Последицата ќе се почувствува на подрачјето на проектот
Траење	Долгорочно	Последицата ќе трае во текот на целиот живот на проектот
Веројатност	Можна	Последицата најверојатно ќе настане под нормални оперативни услови
Магнитуда	Средна	Мерките за намалување на последиците може да помогнат во поправката на резултатите
Значење	Умерено	Последицата може да биде управувана со намалување на негативните резултати

Мерки за ублажување на последиците

Создавање на план за обнова на средствата за живот со цел определување кој во суштина ќе изгуби во било кој поглед од средствата за живот со извршувањето на овој проект. Можно е некои од локалните жители на Казандол да пријават загуба на средства за живот, но во суштина воопшто да не се служеа со тоа подрачје. Истото е како и со приватните парцели што се протегаат околу патот

кон производниот комплекс. Според МФИ, ваквите луѓе се квалифицирани за барање за обнова на средствата за живот, но дали тие навистина потпаѓаат во оваа категорија, планот за обнова на средствата за живот ќе треба да ги реши тие случаи.

Останати

Иако ќе бидат применети Мерки за ублажување на последиците, може да се очекуваат заостанати последици.

Последица 10: Загуба од квалифициран персонал за локалните компании (зголемување на трошоците на работење)

Нов проект во ова подрачје значи можност за некои од квалифицираните работници на слични работни позиции да ја сменат компанијата во потрага по подобра плата или подобри работни услови. Оваа нова можност не е добро прифатена од компаниите што вработуваат такви работници. Имено, ако тие загубат квалифицирани работници ќе мора самите да се носат со последиците додека да најдат нови и да ги тренираат до определено ниво, за работниот процес да не запира. Тоа значи зголемување на трошоците на работење на тие компании што ќе изгубат квалифициран персонал заради отворањето на рудникот.

Последица 10	Загуба од квалифициран персонал за локалните компании (зголемување на трошоците на работење)	
Критериум на последицата	Оцена	Опис
Природа	Негативна	Несакана
Тип	Посреден	Последицата е резултат на дејности вон проектот, што настануваат како резултат на проектот
Размер	Регионален	Влијанието ќе се почувствува во радиус од 10 км од подрачјето на проектот
Траење	Долгорочно	Последицата ќе трае во текот на целиот живот на проектот
Веројатност	Неверојатна	Влијанието најверојатно нема да настане, но може да настане под нормални оперативни услови
Магнитуда	Средна	Мерките за намалување на последиците може да помогнат во поправката на резултатите
Значење	Мало	Последицата може да биде управувана со намалување на негативните резултати

Мерки за ублажување на последиците

Пред почетокот на градежните работи Инвеститорот мора да настапи во јавноста со добар план за вработување, развиен заедно со локалната или со републичката Агенција за вработување на Република Македонија. Овој план мора да го анализира можниот локален пазар на труд и да најде решение што ќе нанесе најмала штета на сите засегнати страни. Пазарот на труд во Валандово е ограничен, исто како и достапните квалифицирани ресурси.

Останати

Иако ќе бидат применети Мерки за ублажување на последиците, може да се очекуваат заостанати последици.

Последица 11: Зголемени трошоци на работење на локалните земјоделски компании заради градежните работи на проектот

Во околината на производниот погон се наоѓа значително парче земја, што е со лозја. Тоа се обработува од компанијата Визба Валандово. Пристапниот пат кон овие лозја е истиот пристапен пат што ќе се употребува за рудникот и истиот што се употребува од жителите на Казандол. Кога е

сезоната на гроздобер, август-септември, можно е да има застој на сообраќајот на патот и со тоа, зголемување на трошоците на работење на компанијата што ги обработува лозјата. Слично е со другите земјоделски компании што работат на истото подрачје, во околината на проектот.

Последица 11	Зголемени трошоци на работење на локалните земјоделски компании заради градежните работи на проектот	
Критериум на последицата	Оцена	Опис
Природа	Негативна	Несакана
Тип	Непосреден	Влијанието е резултат на директна интеракција меѓу дејноста на проектот и ресурсот/приемникот
Размер	Локален	Влијанието ќе се почувствува локално
Траење	Краткорочно	Влијанието ќе трае само во текот на градежните работи
Веројатност	Неверојатна	Влијанието најверојатно нема да настане, но може да настане под нормални оперативни услови
Магнитуда	Ниска	Мерките за намалување на последиците може да помогнат во поправката на резултатите
Значење	Незначително	Последицата не се очекува да предизвика битни промени

Мерки за ублажување на последиците

Добра комуникација и координација со обете и со сите други компании може да ги намали можните штети. Инвеститорот во системот за социјална и еколошка заштита ќе стори напор да ги координира градежните работи во периодот на созревањето на лозјето и на гроздоберот.

Останати

Не се очекуваат последици ако се применат мерки за нивно отстранување.

Последица 12: Зголемена професионална ангажираност на локалните компании

Градежните работи и операциите сврзани со дејноста на рудникот ќе отворат одлични можности за локалните компании да бидат снабдувачи на материјали или услуги за рудникот. Локалните компании ќе го најдат нивниот интерес во текот на развојот, а подоцна и во оперативната фаза на рудникот.

Последица 12	Зголемена професионална ангажираност на локалните компании	
Критериум на последицата	Оцена	Опис
Природа	Позитивна	Пожелна
Тип	Непосреден	Последицата е резултат на директна интеракција меѓу дејноста на проектот и ресурсот/приемникот
Размер	Регионален	Последицата ќе биде регионална
Траење	Долгорочно	Последицата ќе трае во текот на целиот животен век на проектот
Веројатност	Сигурна	Последицата ќе настане под нормални оперативни услови
Магнитуда	Средна	Позитивна
Значење	Умерено	Непотребни се мерки за отстранување на последиците

Мерки за ублажување на последиците

Добра комуникација и координација со обете и со сите други компании може да ги намали можните штети. Инвеститорот во системот за социјална и еколошка заштита ќе стори напор да ги координира градежните работи во периодот на созревањето на лозјето и на гроздоберот.

Останати

Не се очекуваат последици ако се применат мерки за нивно отстранување.

8.3.3. Фаза на експлоатација

Последица 13: Вознемиреност на добитокот заради бучавата при експлоатација, експлозиите и/или разместување на добитокот за пасење подалеку од сегашните локации во близина на селото Казандол

Иако ќе постои ограничена бучава при експлоатација и експлозии, можно е да се очекува ваквата дејност да предизвика значителна вознемиреност кај добитокот. Не постои закана по добитокот, но локалните жители секако ќе го пратат подалеку на пасење. Ова може да предизвика извесно економско влијание бидејќи ќе бара ресурси алоцирани од локалните сточари.

Последица 13	Вознемиреност на добитокот заради бучавата при експлоатација, експлозиите и/или разместување на добитокот за пасење подалеку од сегашните локации во близина на селото Казандол	
Критериум на последицата	Оцена	Опис
Природа	Негативна	Несакана
Тип	Непосреден	Последицата е резултат на директна интеракција меѓу дејноста на проектот и ресурсот/приемникот
Размер	Локален	Последицата ќе се почувствува на поширокото подрачје од проектот
Траење	Долгорочно	Последицата ќе трае во текот на целиот живот на проектот
Веројатност	Можна	Последицата најверојатно ќе настане под нормални оперативни услови
Магнитуда	Средна	Не се очекуваат значителни последици
Значење	Мало	Последицата може да биде управувана со намалување на негативните резултати

Мерки за ублажување на последиците

Компанијата ќе треба да ангажира ветеринарна служба за преглед на добитокот на годишно ниво, само да ги убеди сточарите дека нивниот добиток е целосно здрав и безбеден, иако постоеја промени во животната средина на нивниот добиток.

Останати

Иако ќе бидат применети Мерки за ублажување на последиците, може да се очекуваат заостанати последици.

Последица 14: Можна загуба на квалитетот на земјиштето заради промената на топографијата и дејностите на проектот

Иако постои изјава од одговорните експерти за животна средина дека нема да дојде до загадување на почвата, особено на почвата во близина на производната постројка, заради конфигурацијата на теренот е можно во иднина некој да поднесе жалба дека компанијата придонесе кон намалување на квалитетот на неговата земја во близина на производната постројка.

Периметарот на можните последици број 14 е прикажан на сликава подолу.

Последица 14	Можна загуба на квалитетот на земјиштето заради промената на топографијата и дејностите на проектот	
Критериум на последицата	Оцена	Опис
Природа	Негативна	Несакана
Тип	Посреден	Последицата е резултат на дејности вон проектот, што настануваат како резултат на проектот
Размер	Само подрачје	Последицата ќе се почувствува на подрачјето на проектот
Траење	Долгорочно	Последицата ќе трае во текот на целиот живот на проектот
Веројатност	Можна	Последицата најверојатно нема да настане, или ќе настане под нормални оперативни услови
Магнитуда	Ниска	Не се очекуваат значителни последици
Значење	Занемарливо	Со примена на предложените технологии не се очекува загуба во земјите гранични со проектот

Мерки за ублажување на последиците

Се препорачува инвеститорот, пред започнувањето на градежните работи, да најми овластен експерт / компанија за оцена на квалитетот на земјиштето и растенијата во радиус од 1 км од производната постројка. Тоа ќе помогне во собирањето информации за тековната состојба на земјиштето што граничи со производната постројка и ако ваквата потреба се јави подоцна, да се спореди со тогашната моментална состојба. Со ова инвеститорот треба да се обезбеди дека нема да има можни идни жалби дека рудникот и придружните објекти предизвикуваат загадување или го намалуваат квалитетот на земјиштето.

Останати

Постои голема веројатност влијанијата да останат, ако ваква ситуација се појави. Но инвеститорот барем ќе има појдовна точка за натамошни дејства, со што нема да се изложи на дополнителни трошоци ако ова влијание се појави.

Последица 15: Економски загуби од несреќни случаи

Топографската конфигурација на теренот и локацијата на елементите и постројките на процесот за производство на бакар содржи извесна закана за полињата и лозјата лоцирани во долните делови, гранични со проектот. Ако дојде до несреќен случај или инцидент и дојде до излевање од езерата тогаш исто постои можност за економска загуба кај најблиските полиња или лозја.

Последица 15	Економски загуби од несреќни случаи	
Критериум на последицата	Оцена	Опис
Природа	Негативна	Несакана
Тип	Посреден	Последицата е резултат на дејности вон проектот, што настануваат како резултат на проектот
Размер	Само подрачје	Последицата ќе се почувствува на подрачјето на проектот
Траење	Долгорочно	Последицата ќе трае во текот на целиот живот на проектот
Веројатност	Неверојатна	Последицата најверојатно нема да настане, или ќе настане под нормални оперативни услови
Магнитуда	Ниска	Мерките за намалување на последиците може да придонесат за санација на влијанието
Значење	Занемарливо	Со примена на предложените технологии не се очекува загуба во земјите гранични со проектот

Мерки за ублажување на последиците

Инвеститорот ќе треба да ги компензира погодените лица/компании, со замена, за нанесената штета од несреќниот случај / инцидентот.

Останати

Иако ќе бидат преземени мерки, ќе постојат и заостанати последици бидејќи засега е прерано да се суди за нешто, што уште не се случило.

Последица 16: Економски придобивки од проектот

Основната придобивка за економијата на национално и регионално рамниште со извршувањето на проектот ќе биде создавање нови можности за стимулација и интензивирање на економските дејности и развој на регионот.

Претпоставките за сумата на целокупните капитални инвестиции што се досега изнесени, укажуваат дека тие ќе бидат на ниво на околу 25 милиони евра, од кои што 18.7 милиони евра се директни капитални инвестиции за потребите на производниот комплекс, т.е. за рударските дејности, експлоатацијата на минералните сировини, создавањето и работењето на куповите за лужење на суровините, изградба на инсталациите на производниот комплекс, изградба на хидротехничките објекти и друга придружна инфраструктура.

Во овој контекст, се очекува значителен дел од финансиските средства од капиталните инвестиции да биде потрошен на градежни дејности / услуги и набавка и инсталација на потребната опрема, што ќе биде поволно за домашните компании низ директен контакт со нив како подизведувачи. Од друга страна, протокот на работната сила ќе ја зголеми побарувачката на различни видови услуги во поширокиот регион, вклучувајќи сместување, исхрана, одржување на возилата, набавка на градежни и други материјали, набавка на гориво и т.н., што подразбира зголемување на целокупната економска дејност на регионот и посредно води до создавање на нови работни места.

Во текот на оперативниот период на планираниот рударски комплекс, работните трошоци на годишно ниво се предвидуваат да изнесуваат околу 10.5 милиони евра, вклучувајќи трошоци за рударски дејности, за работната сила и исплата на платите, трошоци за енергенсите, реагенсите и потрошните материјали, како и трошоци за набавувачите. Доминантниот дел на средствата за набавка на работна сила и услуги ќе биде потрошен во земјата и на подрачјето на проектот, што претставува извонреден придонес за економијата на земјата и на локално ниво.

Битна придобивка од проектот ќе биде редовниот проток на средства до државниот јавен буџет, во форма на уплати за даноци во висина од 10% годишно од приходот на инвеститорот и уплатата на

концесиските права во висина од 2% од приходот генериран од процесот на производство на катоден бакар.

Имајќи ја предвид извозната природа на комплексот и сегашните и предвидените цени на металот на светските берзи, може да се очекува мошне значителна економска и финансиска придобивка во облик на валутна заработка во Република Македонија. Дел од тие средства ќе овозможат нов инвестициски циклус за операторот САРДИЧ МЦ, особено во поглед на започнување на дејности за капитални инвестиции во отворањето на новиот рударски комплекс и, соодветно, отворање нови работни места во индустрискиот сектор на Република Македонија.

Во генерален контекст, основниот економски придонес за локалната заедница од планираниот проект ќе биде можноста за стимулирање и зголемување на локалната економија и создавање на можности за вработување.

Зголемените приходи кај локалните заедници може да се очекуваат низ:

1. Нови непосредни вработувања во текот на фазите на изградба и оперативната фаза на комплексот
2. Развој на економијата во општина Валандово
3. Зголемен проток на капитал во буџетот на општината или можност за зголемени инвестиции во инфраструктурата на општината и другите потреби
4. Можности за развивање на дополнителни услуги, сврзани со комплексот

Планираниот проект ќе придонесе за диверзификацијата на локалната економија, непосредно низ новите можности за вработување или посредно, на помало ниво, низ потрошувачка на локалните добра и услуги. Во зависност од обемот на набавките што ќе бидат изнесени на локално ниво, другите сектори на локалната економија исто може да имаат придобивки. Локалните набавки на основни материјали, производи и услуги (храна, доставки, транспорт, обезбедување и т.н.) може да резултира во порастот на локалните претпријатија и на локалната економија.

Последица 16	Економски придобивки од проектот	
Критериум на последицата	Оцена	Опис
Природа	Позитивна	Посакувана
Тип	Непосреден	Последицата е резултат на директна интеракција меѓу дејностите на проектот и ресурсите/приемниците
Размер	Национален	Последицата ќе се почувствува на подрачјето на општината
Траење	Долгорочно	Последицата ќе трае во текот на целиот живот на проектот
Веројатност	Сигурна	Последицата ќе настане под нормални оперативни услови
Магнитуда	Висока	Позитивна
Значење	Големо	Нема потреба од Мерки за ублажување на последиците

8.3.4. Фаза на затворање на комплексот

Последица 17: Влошување на економската состојба на жителите на селото Казандол и можни миграции

Бројот на работните места достапни за локалните жители е ограничен, заради спецификата на работните задачи и квалификации потребни за тие задачи. Инвеститорот дефинитивно ќе разгледа можности за вработување на локалните жители и да вработи дел од нив. Но, овде лежи потенцијалната закана за локалната заедница (Казандол). Ако најголемиот дел од невработените во Казандол најдат вработување во рудникот, по неговото затворање тие ќе останат без работа. Семејствата ќе бидат оставени без приходи за некој период на време. Исто така, со затварањето на рудникот може да се очекува некои од жителите да го напуштат селото и да се преселат на други

места со подобри изгледи за вработување и приходи. Оние, што ќе ја загубат работата со затварањето на рудникот, ако не добијат соодветна поддршка од инвеститорот или од другите институции, може да се обидат да најдат подобар живот на други места. Ова потенцијално се однесува на оние, што ќе работат во рудникот.

Последица 17	Влошување на економската ситуација на жителите на селото Казандол	
Критериум на последицата	Оцена	Опис
Природа	Негативна	Несакана
Тип	Посреден	Последиците на проектот што настануваат како резултати на проектот
Размер	Само подрачје	Последицата ќе се почувствува само на местото на проектот
Траење	Долгорочно	Последицата ќе трае во текот на целиот живот на проектот и подоцна
Веројатност	Можна	Последицата најверојатно ќе настане под нормални оперативни услови
Магнитуда	Средна	Мерките за ублажување може да помогнат во намалувањето на резултатите
Значење	Умерено	Последицата мора да биде ублажена и управувана

Мерки за ублажување на последиците

Инвеститорот мора да има соодветен пристап кон пропорционалното вработување на жителите на Казандол. Тоа значи дека, со постоењето на слободни работни места, инвеститорот мора да се погрижи да вработи само 10-20% од целокупната достапна работна сила. Секој вработен од Казандол мора да биде од различно домаќинство. Одовде, потенцијалниот ризик од осиромашување на домаќинствата по затварањето на рудникот ќе биде поделен меѓу неколку различни домаќинства, а не само меѓу мал број домаќинства. Оваа метода ќе ја ублажи моќната социо-економска ранливост на жителите на Казандол по затварањето на комплексот.

Останати

Заостанатите последици се мошне тешки за контролирање, затоа што постојат надворешни фактори што влијаат на целокупната слика, но улогата на компанијата во создавањето на таа ситуација ќе биде сведена на минимален можен ефект.

8.4. Здравје, безбедност и сигурност на заедницата

8.4.1. Фаза на изградбата

Последица 18: Намалена безбедност на луѓето и добитокот заради реконструкцијата на пристапниот пат до Казандол и зголемениот сообраќај на патот

Заради реконструкција на пристапниот пат за Казандол, ќе има зголемен волумен на градежни активности и на сообраќај на патот, од материјали и механизација. Ова исто е применливо за изградбата на придружните инсталации на рудникот. Претходната мирна состојба со низок волумен на сообраќај ненадејно ќе стане претрупана и опасна. Добитокот и луѓето нема да можат слободно да се движат по патот заради транспортните камиони и другата градежна механизација. Безбедноста на локалните жители и добитокот нагло ќе се влоши.

Последица 18	Намалена безбедност на луѓето и добитокот заради реконструкцијата на пристапниот пат до Казандол и зголемениот сообраќај на патот	
Критериум на последицата	Оцена	Опис

Природа	Негативна	Несакана
Тип	Посреден	Последицата е резултат на дејности од проектот, што настануваат како резултат на проектот
Размер	Само подрачје	Последицата ќе се почувствува на подрачјето на проектот
Траење	Краткорочно	Се предвидува последицата да трае само во фаза на изградбата
Веројатност	Можна	Последицата најверојатно ќе настане под нормални оперативни услови
Магнитуда	Средна	Мерките за намалување на последиците може да помогнат во поправката на резултатите
Значење	Умерено	Последицата може да биде управувана со намалување на негативните резултати

Мерки за ублажување на последиците

Мора да биде создаден и спроведен **детален план за управување со сообраќајот** придружен со кампања за подигнување на свеста за сообраќајот, особено упатена до локалните сточари, деца и жени. Кампањата мора да биде чувствителна за културата, особено водејќи сметка дека некои луѓе, особено жените и децата, не го познаваат македонскиот јазик туку само турскиот.

Останати

Иако сите мерки се преземени, сепак постои можност за настанок на инциденти и несреќи.

Последица 19: Зголемена закана за децата и добитокот заради изградбата на градилиштето

Наредното битно прашање сврзано со безбедноста на заедницата е потребата за уредување на пристапот кон основните делови на градилиштето, т.е. забрана за влез на невработени лица заради можните закани по безбедноста и здравјето.

Последица 19	Зголемена закана за децата и добитокот заради изградбата на градилиштето	
Критериум на последицата	Оцена	Опис
Природа	Негативна	Несакана
Тип	Посреден	Последицата е резултат на дејности од проектот, што настануваат како резултат на проектот
Размер	Само подрачје	Последицата ќе се почувствува на подрачјето на проектот
Траење	Краткорочно	Се предвидува последицата да трае само во фаза на изградбата
Веројатност	Можна	Последицата најверојатно ќе настане под нормални оперативни услови
Магнитуда	Средна	Мерките за намалување на последиците може да помогнат во поправката на резултатите
Значење	Умерено	Последицата може да биде управувана со намалување на негативните резултати

Мерки за ублажување на последиците

Изведувачот мора да разработи и да примени процедури за заштита на здравјето и безбедноста на локалните заедници, жители и нивниот добиток. Во нив треба да се вклучат запознавање со правилата за безбедност на работниците и на градилиштето, со цел спречување на неовластен пристап кон градилиштето, камповите на работниците, транспортните возила, градежната механизација и складиштата. Изведувачот мора да создаде и спроведе **план за управување со**

градењето со цел да одговори на несреќните и итните случаи на начин, поволен за градежните ризици. Планот ќе биде основан на претходно определување на ризиците за големи инциденти, и ќе вклучува неопходни мерки за спречување големи инциденти и ублажување на нивните последици по локалната заедница.

Низ градилиштето мора да се изградат безбедносни пешачки коридори, на барање на локалната заедница и жителите.

Останати

Иако сите мерки се преземени, сепак ќе постојат „заинтересирани“ страни што ќе се обидат да најдат начин за задоволување на сопствената љубопитност и да се најдат на градилиштето во секој даден момент.

8.4.2. Оперативна фаза

Последица 20: Подобар и побрз пристап до здравствените и социјалните институции во Валандово

Подобрената инфраструктура ќе го подобри квалитетот на животот на засегнатото население. Подобрувањето на патот ќе значи дека локалното урбано одредиште и здравствените и социјалните институции ќе бидат побргу достапни. Тоа може нема да важи за најголемиот дел населени места од подрачјето, но за ваквите оддалечени места тоа е прашање што ќе донесе подобри резултати, особено во итни случаи со потреба на посета на Здравствениот дом, или со овозможување на посетата на Центарот за социјална работа.

Последица 20	Подобар и побрз пристап до здравствените и социјалните институции во Валандово	
Критериум на последицата	Оцена	Опис
Природа	Позитивна	Посакувана
Тип	Посреден	Последицата е резултат на дејности од проектот, што настануваат како резултат на проектот
Размер	Локално	Последицата ќе се почувствува на подрачјето на општината
Траење	Трајно	Последицата ќе трае во животниот циклус на комплексот и подоцна
Веројатност	Можна	Последицата најверојатно ќе настане под нормални оперативни услови
Магнитуда	Ниска	Позитивна
Значење	Мало	Не се потребни мерки за ублажување

Последица 21: Зголемен ризик по здравјето на жителите на Казандол и нивниот добиток заради емисии прашина и помали испарувања од рудникот и од процесот на складирање

Примената на новите подобрени технологии за производство на бакар не значи дека нема да има никакво испарување и прашина во воздухот. Местото на јаловиштето ќе биде под отворено небо, каде што ќе биде подложно на разни временски влијанија. Ветрот, сувата клима, маглата и влагата ќе се обидат да ја усложнат избраната технологија за производство на бакар. Овие минимални последици за околната средина заради изложеноста на рудата на отворено небо, за некој временски период, може да предизвикаат извесно влошување на здравјето на жителите на Казандол и на нивниот добиток.

Последица 21	Зголемен ризик по здравјето на жителите на Казандол и нивниот добиток заради емисии прашина и помали испарувања од рудникот и од процесот на складирање	
Критериум на последицата	Оцена	Опис
Природа	Негативна	Несакана
Тип	Посреден	Последицата е резултат на дејности од проектот, што настануваат како резултат на проектот
Размер	Само подрачје	Последицата ќе се почувствува на подрачјето на проектот
Траење	Долгорочно	Се предвидува последицата да трае во текот на целиот животен век на комплексот
Веројатност	Можна	Последицата најверојатно ќе настане под нормални оперативни услови
Магнитуда	Средна	Мерките за намалување на последиците може да помогнат во поправката на резултатите
Значење	Умерено	Последицата може да биде управувана со намалување на негативните резултати

Мерки за ублажување на последиците

Инвеститорот мора да создаде **план за заштита на јавното здравје на жителите на Казандол**, каде што активностите како што е преглед на крвта и на респираторните заболувања на жителите на Казандол ќе биде носечкиот столб. Медицинските прегледи мора да бидат бесплатни за населението. Децата и младите мора да се прегледуваат секои половина година, додека бремените жени уште почесто. Медицинските прегледи мора да се организираат во соработка со Здравствен дом Валандово и локалната канцеларија за јавно здравство.

Добитокот мора редовно да се прегледува. Примероци од крвта и млекото од добитокот што пасе во радиус од 2 км од рударскиот комплекс мора да се земаат на секои половина година.

Во случај на докажано влошување на населението и добитокот, инвеститорот ќе мора да започне со примената на планот за контролирано преселување и/или планот за реставрирање на животниот стил согласно со најдобрите меѓународни практики.

Останати

Иако сите мерки се преземени, сепак заостанати ефекти се можни.

Последица 22: Зголемен ризик по безбедноста на жителите на Казандол и нивниот добиток заради влегување на подрачјето на рудникот и на придружните инсталации

Иако е познато дека целиот рударски комплекс ќе биде заграден, некојпат се можни отвори во оградите и ваквите превиди може да бидат искористени од децата и од добитокот. Љубопитноста на децата може да ги поттикне на приближување кон рудникот и кон придружните инсталации. Тоа е мошне опасно по нивното здравје и безбедност. Истото важи и за добитокот. Некојпат добитокот слободно се движи во близина на оградата, но ако постои отвор во оградата, добитокот може да дојде до рудникот и до придружните инсталации и да биде повреден, или да предизвика уште поголема штета.

Последица 22	Зголемен ризик по безбедноста на жителите на Казандол и нивниот добиток заради влегување на подрачјето на рудникот и на придружните инсталации	
Критериум на последицата	Оцена	Опис

Природа	Негативна	Несакана
Тип	Посреден	Последицата е резултат на дејности од проектот, што настануваат како резултат на проектот
Размер	Само подрачје	Последицата ќе се почувствува на подрачјето на проектот
Траење	Долгорочно	Последицата ќе трае во оперативната фаза на проектот
Веројатност	Неверојатна	Последицата најверојатно нема да се случи, но може да настане под нормални оперативни услови
Магнитуда	Ниска	Не се очекуваат сериозни нарушувања на оградата поставена за заштита на луѓето
Значење	Занемарливо	Последицата може да биде управувана со намалување на негативните резултати

Мерки за ублажување на последиците

Редовна тромесечна проверка на состојбата на оградата околу целиот рударски и производен комплекс.

Останати

Ако сите мерки се преземени, нема да има заостанати ефекти.

8.5. Домување, врски и комунални услуги

8.5.1. Фаза на изградбата

Последица 23: Прекини во секојдневниот живот предизвикани од ограниченото пристап кон/од селото Казандол

Реконструкцијата на патот може привремено да го ограничи пристапот кон селото Казандол. Тоа е единствениот пат до селото. Локалните жители може да бидат вознемирени заради отежнатиот пристап, дури и за краток рок. Ваквата вознемиреност може да предизвика мали социјални тензии меѓу локалните жители на едната страна, и изведувачот и инвеститорот на другата страна.

Последица 23	Прекини во секојдневниот живот предизвикани од ограниченото пристап кон/од селото Казандол	
Критериум на последицата	Оцена	Опис
Природа	Негативна	Несакана
Тип	Посреден	Последицата е резултат на дејности од проектот, што настануваат како резултат на проектот
Размер	Само подрачје	Последицата ќе се почувствува на подрачјето на проектот
Траење	Краткорочно	Се предвидува последицата да трае само во фаза на изградбата
Веројатност	Можна	Последицата најверојатно ќе настане под нормални оперативни услови
Магнитуда	Средна	Мерките за намалување на последиците може да помогнат во поправката на резултатите
Значење	Умерено	Последицата може да биде управувана со намалување на негативните резултати

Мерки за ублажување на последиците

Мора да се спроведат мерки за ублажување на последиците. Планот за управување со сообраќајот мора да содржи алтернативни патишта за/од селото, низа од активности на засегнатите страни како

што е редовното информирање на времетраењето на дејноста за проширување на патот, и поставување соодветни знаци што ќе информираат за привремената промена на сообраќајниот режим. Оваа дејност мора да помогне во непопречениот пристап на луѓето кон нивните домови, имоти и полиња, како и кон деловните имоти.

Планот за управување со сообраќајот ќе биде редовно прегледуван, заедно со надлежните институции, вклучувајќи ги локалните власти, институциите за одржување на патиштата и полицијата.

Битна мерка од планот е примената на информативна програма за запознавање на локалното население со планираните сообраќајни активности од поголеми сразмери. Населението треба веднаш да биде известено за секоја потенцијална измена во режимот на сообраќајот.

Останати

Ако сите мерки се преземени, нема заостанати последици.

8.5.2. Оперативна фаза

Последица 24: Вознемиреност од прекинатите процеси на образование и учење

Експлозиите може да го нарушат образовниот процес. Ова се однесува на основното училиште во Казандол. Експлозиите може да предизвикаат привремен прекин на образовните процеси, но ваквите чести настани може да предизвикаат незадоволство од прекинатиот образовен процес.

Последица 24	Вознемиреност од прекинатите процеси на образование и учење	
Критериум на последицата	Оцена	Опис
Природа	Негативна	Несакана
Тип	Непосреден	Последицата е резултат на дејности од проектот
Размер	Само подрачје	Последицата ќе се почувствува на подрачјето на проектот заради конфигурацијата на теренот
Траење	Долгорочно	Се предвидува последицата да трае во целиот животен век на проектот
Веројатност	Можна	Последицата најверојатно ќе настане под нормални оперативни услови
Магнитуда	Ниска	Мерките за намалување на последиците може да помогнат во поправката на резултатите
Значење	Мало	Последицата може да биде управувана со намалување на негативните резултати

Мерки за ублажување на последиците

Меѓу инвеститорот и локалните власти и засегнатите заедници, на самиот почеток на оперативната фаза мора да се воспостави канал за информации, и да се одржува до нејзиниот крај. Локалното население на Казандол и населението на Пирава, Валандово, Брајковци и Балинци мора да биде известувано неделно, за редоследот на планираните експлозии во текот на работната недела.

Ако експлозиите предизвикуваат значителни проблеми со наставата во Казандол, тогаш како потенцијални мерки за ублажување на последиците може да се разгледува дислокацијата на училиштето од Казандол во Дедели, каде што бучавата од камионите и машинеријата, и експлозиите, нема да ја попречуваат наставата, и освен тоа, наставата може да се следи на мајчиниот турски јазик. Но, ова прашање треба првин да биде дискутирано со широк круг на засегнати страни.

Останати

Иако сите мерки се преземени, заостанати последици може да се очекуваат.

Последица 25: Влијание на зградите за домување

Експлозиите може да бидат вознемирувачки и некојпат да предизвикаат материјална штета, што не се забележува веднаш. Селото Казандол е сместено на врв на рид што е поврзан со ридот на којшто ќе се врши експлоатација и може да не биде имун на потресите, предизвикани од експлозиите. Тие потреси може да предизвикаат определена штета на куќите во Казандол.

Последица 25	Влијание на зградите за домување	
Критериум на последицата	Оцена	Опис
Природа	Негативна	Несакана
Тип	Непосреден	Последицата е резултат на дејности од проектот
Размер	Само подрачје	Последицата ќе се почувствува на подрачјето на проектот заради конфигурацијата на теренот
Траење	Долгорочно	Се предвидува последицата да трае во целиот животен век на проектот
Веројатност	Неверојатна	Последицата најверојатно нема да настане, но може да настане под нормални оперативни услови
Магнитуда	Ниска	Мерките за намалување на последиците може да помогнат во поправката на резултатите
Значење	Занемарливо	Последицата може да биде управувана со намалување на негативните резултати

Мерки за ублажување на последиците

Со цел инвеститорот да се заштити од непредвидените ризици, како и жителите на Казандол од можните негативни последици сврзани со оштетувањето на куќите за домување, мудро е инвеститорот да спроведе почетен скрининг на состојбата на сите куќи во Казандол. Треба да се провери и да се документира состојбата на сите куќи во селото. Ако некои од куќите подоцна, во оперативната фаза, пријават оштета заради експлозиите, ќе постои запишан документ за состојбата на куќата пред почетокот на оперативната фаза на рудникот.

Останати

Иако сите мерки се преземени, заостанати последици може да се очекуваат. Некојпат вибрациите го оштетуваат објектот, што не е секогаш видливо.

8.6. Културно наследство, религија, вредности и навики

8.6.1. Оперативна фаза

Последица 26: Потенцијално уништување и загуба на неоткриено археолошко наоѓалиште

На подрачјето на проектот нема регистрирани археолошки наоѓалишта, или области на културно наследство што може да бидат ограничувачки фактор во спроведувањето на проектот. Сепак, случајните наоди не се планирани и изненадувања може да се случат.

Последица 26	Потенцијално уништување и загуба на неоткриено археолошко наоѓалиште	
Критериум на последицата	Оцена	Опис
Природа	Негативна	Несакана

Тип	Непосреден	Последицата е резултат на интеракција меѓу дејностите на проектот и ресурсот/приемникот
Размер	Само подрачје	Последицата ќе се почувствува на подрачјето на проектот
Траење	Долгорочно	Се предвидува последицата да трае во целокупната оперативна фаза на проектот
Веројатност	Можна	Последицата најверојатно нема да настане, но може да настане под нормални оперативни услови
Магнитуда	Ниска	Мерките за намалување на последиците може да помогнат во поправката на резултатите
Значење	Занемарливо	Последицата може да биде управувана со намалување на негативните резултати

Мерки за ублажување на последиците

Во текот на градежните работи и во фазата на експлоатација на минералните ресурси во областа на отворениот рудник, изведувачот мора да разработи и примени процедури за случаен археолошки наод, со цел прилагодување кон националната легислатива за заштита на културното наследство. Работниците треба да бидат тренирани за тие процедури.

Ако во текот на изведувањето на градежните или рударските работи се открие археолошко наоѓалиште или предмети со археолошко значење, изведувачот мора:

- Веднаш да ги извести надлежните органи (Музејот на град Струмица) за заштита на наодот од културното наследство
- Да ги прекине сите операции со цел да го обезбеди наодот од можни оштетувања низ неовластен пристап кон него
- Да ги зачува откриените предмети на место и во состојба, во којашто се откриени

Останати

Ако сите мерки се преземени, нема заостанати последици.

Последица 27: Вознемиреност од експлозии во текот на религиозните церемонии

Експлозиите може да бидат мошне вознемирувачки и особено ако луѓето вршат религиозни ритуали. За муслиманските верници петок (денот на Џумуа) има особено значење и е мошне битен ден. Тој е позначаен од било кој друг ден на неделата. Тоа е ден кога муслиманите заедничкии се собираат на молитва. Непосредно пред молитвата тие слушаат предавање наменето да ги поучи со битно знаење за Бог и за исламската вера. Особено битна е дневната молитва (12-14 часот, во зависност од временската зона). Било какво вознемирување во тој временски период за нив може да значи непочитување на нивните вредности и лесно може да дојде до опозиција на ваквата практика.

Последица 27	Вознемиреност од експлозии во текот на религиозните церемонии	
Критериум на последицата	Оцена	Опис
Природа	Негативна	Несакана
Тип	Непосреден	Последицата е резултат на дејностите од проектот
Размер	Локално	Последицата ќе се почувствува на подрачјето на општината
Траење	Долгорочно	Се предвидува последицата да трае во целокупната оперативна фаза на проектот
Веројатност	Сигурна	Последицата ќе настане под нормални оперативни услови
Магнитуда	Средна	Мерките за намалување на последиците може да помогнат во поправката на резултатите

Значење	Умерено	Последицата може да биде управувана со намалување на негативните резултати

Мерки за ублажување на последиците

Со цел на заштита на жителите на Казандол од можните негативни последици од прекин на религиозната практика и предизвикување недоразбирања меѓу локалната заедница и инвеститорот, инвеститорот мора да ја разгледа можноста петок да биде ден без експлозии.

Недела исто мора да биде ден без експлозии, затоа што мнозинството жители во другите засегнати населби се православни христијани.

Останати

Ако сите мерки се преземени, нема заостанати последици.

8.7. Труд и услови за работа

8.7.1. Фаза пред градежните работи

Последица 28: Проблеми сврзани со организација на работната сила и потребните процедури

Кога е потребно да се изврши брзо процесирање на работната сила, компаниите не ги следат планираните чекори и ги регрутираат вработените што не се целосно квалифицирани и не се подготвени за работа. Истото се однесува на изведувачите и подизведувачите. Ваквите евтини ресурси подоцна ќе се вратат како проблематични, затоа што постојат стандарди и процедури што треба да се следат и се во соодветност со најдобрите меѓународни практики. Неквалифицираните работници бараат добар тренинг за да ги исполнат тие стандарди.

Често компаниите изведувачи не се дел од развојниот процес на проектот, и одовде, ја немаат целокупната слика на чувствителноста на подрачјето на проектот, и тие му приоѓаат на подрачјето на проектот повеќе или помалку механички, без обрнување преголемо внимание на локалното човечко окружување. Вработените на изведувачите,а ко не потекнуваат од локалните населени места, најчесто имаат помалку смисла за потребите и вредностите на локалното население, особено ако станува збор за населбите во околина на подрачјето на проектот. Тоа се случаи кога ваквите работници се предмет на расправа меѓу инвеститорот и локалната заедница.

Последица 28	Проблеми сврзани со организација на работната сила и потребните процедури	
Критериум на последицата	Оцена	Опис
Природа	Негативна	Несакана
Тип	Посреден	Последицата е резултат на дејностите не сврзани со проектот
Размер	Само подрачје	Последицата ќе се почувствува на подрачјето на проектот
Траење	Краткорочно	Се предвидува последицата да трае во градежната фаза на проектот
Веројатност	Можна	Последицата може да настане под нормални оперативни услови
Магнитуда	Ниска	Мерките за намалување на последиците може да помогнат во поправката на резултатите
Значење	Мало	Последицата може да биде управувана со намалување на негативните резултати

Мерки за ублажување на последиците

Инвеститорот мора да создаде план за вработување за потребите на рудникот, во соработка со локалната канцеларија на АВРМ.

Во поглед на работничките права, сите работници (вклучувајќи ги изведувачите и подизведувачите) ќе имаат договори со јасно изразени права и услови на нивното вработување, и на нивните законски права. Договорите ќе бидат усно објаснети на сите работници кога е потребно, за да се обезбеди дека работниците ги разбираат своите права. Договорите мора да се склучат пред почетокот на работата на работникот. Сите работници (вклучувајќи ги изведувачите и подизведувачите) ќе можат да им се приклучат на синдикатите по свој избор и имаат право на колективно преговарање.

Секој вработен, дури и на подизведувачите, мора да потпише Правила на однесување. Секому треба да му е достапно и очигледно, и секој работник мора да ја разбере тежината на документот и последиците што ги носи ако го прекрши.

Останати

Ако сите мерки се преземени, заостанати последици може да има.

8.7.2. Фаза на изградба и оперативна фаза

Последица 29: Непридржување кон стандардите на МФИ во поглед на работниците и на условите на работа

Можни превиди во примената на стандардите и барањата може некојпат да доведат инвеститорот (изведувачот, подизведувачот) да загуби значително количество ресурси, особено ако дојде до инцидент на работно место.

Инвеститорот, како и изведувачот, и подизведувачот се задолжени да ги следат националните прописи за безбедност и здравје на работното место, но некојпат, ненамерно, тие помалку внимаваат на барањата за работните места како што се правата на работниците, правата на преговори итн.

Со непридржувањето кон стандардите и барањата на МФИ постои голема можност за загрозување на здравјето и безбедноста на работниците.

Последица 29	Непридржување кон стандардите на МФИ во поглед на работниците и на условите на работа	
Критериум на последицата	Оцена	Опис
Природа	Негативна	Несакана
Тип	Посреден	Последицата е резултат на дејностите не сврзани со проектот
Размер	Само подрачје	Последицата ќе се почувствува на подрачјето на проектот
Траење	Краткорочно	Се предвидува последицата да трае во градежната фаза на проектот
Веројатност	Можна	Последицата може да настане под нормални оперативни услови
Магнитуда	Ниска	Мерките за намалување на последиците може да помогнат во поправката на резултатите
Значење	Мало	Последицата може да биде управувана со намалување на негативните резултати

Мерки за ублажување на последиците

Инвеститорот мора да разработи систем за управување со здравјето и безбедноста. Овој систем за управување ќе биде задолжителен за проектот вклучувајќи ги изведувачите и подизведувачите. Тој ќе содржи такви аспекти, како што е снабдувањето со ППО, редовен тренинг и мониторинг како и постојани проверки на безбедноста, и други мерки. Дел од системот на управување мора да биде **планот за здравје и безбедност**. Инвеститорот мора да разработи **план за здравје и безбедност**, со применет механизам за жалби и поплаки, соодветно со националните барања, како и со стандардите за изведба на МФК и барањата на ЕБОР. Низ механизмот за жалби и поплаки за работниците изведувачот ги прима и ги разгледува жалбите на работниците на фер и разумен начин.

Планот за здравје и безбедност на работа ќе ги минимизира, ако не елиминира, сите ризици по здравјето и безбедноста, и изворите на тие ризици за работниците. Сите изведувачи и подизведувачи мора да се придржуваат кон барањата од планот. Изведувачот ќе ги добива сите ресурси, работната сила, материјалите од извори со добра репутација, каде што напоредно со цената се разгледуваат факторите како квалитет, репутација, изведени проекти и услуги.

Останати

Ако сите мерки се преземени, заостанати последици може да има.

8.7.3. Фаза на затварање

Последица 30: Социо-економската ранливост на работниците што ќе ја загубат работата по затварањето на рудникот

Постои можност за неподготвеност на засегнатите работници за прилагодување на новите услови на пазарот на труд по затварањето на рудникот.

Најголемата социо-економска ранливост на од затварањата на проектите за рудници настанува кон завршетокот на периодот на експлоатација и почетокот на фазата на затварање. Тие работници што ќе го доживеат почетокот на затварањето, повеќе нема да можат да носат редовни приходи во семејството. Ненадејно нивните семејства остануваат без приходи. Бидејќи тие работеа на определени други задачи и работни места, за ваквите лица е многу тешко во услови со малубројни работни места да најдат нова работа и да се прилагодат на новите состојби.

Последица 30	Социо-економската ранливост на работниците што ќе ја загубат работата по затварањето на рудникот	
Критериум на последицата	Оцена	Опис
Природа	Негативна	Несакана
Тип	Непосреден	Последицата е резултат на директна интеракција меѓу проектот и ресурсите/приемникот
Размер	Само подрачје	Последицата ќе се почувствува на подрачјето на проектот
Траење	Долгорочно	Се предвидува последицата да трае во текот на целиот животен век на проектот
Веројатност	Сигурна	Последицата ќе настане под нормални оперативни услови
Магнитуда	Висока	Мерките за намалување на последиците може да помогнат во поправката на резултатите, но потенцијалните резултати се круцијални за приемникот
Значење	Големо	Последицата мора да биде управувана со намалување на негативните резултати

Мерки за ублажување на последиците

Инвеститорот мора да подготви програма за завршеток на работниот однос за работниците најмалку една година пред затварањето на рудникот. Тој треба да подготви и да организира тренинзи во различни области, како што е земјоделството, сточарството, управувањето со пари, можни преквалификации за други работни позиции во регионот, малопродажба и т.н. Програмот треба да биде скроен по мерка на работниците и мора да биде бесплатен. Мора да се побара помош од Агенцијата за вработување на РМ и од други релевантни институции.

Останати

Ако сите мерки се преземени, заостанати последици може да има.

8.8. Оценка на кумулативните последици

Општина Валандово неодамна инвестира во индустриската зона Раброво, локација за развој на чисти индустрии, каде што неколку фабрики и други производни погони започнаа со производство на конзервирана храна, облека и слично. Локацијата на зоната е приближно на 6 км растојание од рударскиот комплекс.

Бидејќи овие два проекти немаат посебни заеднички врски, не се очекува да настанат кумулативни последици во било која фаза од проектот.

9. ПРЕГЛЕД НА МЕРКИТЕ ЗА УБЛАЖУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ

Бр.	Последица	Мерка	Останато
Систем на социјално управување (фаза на изградба и операции)			
1	Неправилно раководство на системот за социјално управување	Вработено лице од САРДИЧ МЦ мора да биде назначено за управување и следење со мерките за намалување на последиците и мониторинг на програмите, и редовно да ги известува највисоките инстанции во компанијата за надворешните засегнати лица	Останатите последици се небитни ако сите мерки се преземени.
Взаемно дејство со засегнати страни (фаза пред и фаза на изградба)			
2	Зголемена вознемиреност заради отсуството на комуникација со локалните населби и сопственици на имоти во близина на подрачјето на проектот	Препорачливо е САРДИЧ МЦ да спроведе серија дејности за соработка со засегнатите страни, особено со оние што поседуваат земјиште во близина на проектот. Мора да биде создаден механизам за жалби и поплаки, и истиот да биде јавно достапен во секое засегнато населено место, во седиштето на компанијата и на проектот, и во просториите на општина Валандово. Компанијата мора постојано и редовно да одржува комуникација со засегнатите жители на Казандол и со оние, што поседуваат земјиште во близина на проектот или до пристапните патишта до проектот од главниот пат.	Извесни последици ќе заостанат, но со далеку помал интензитет затоа што е мошне тешко да се влијае на мислите на луѓето и на нивните интереси и желби.
Взаемно дејство со засегнати страни (оперативна фаза)			
3	Намалени взаемни дејства со засегнатите страни во тек на оперативната фаза	Компанијата мора да држи отворен канал за комуникација со засегнатите и заинтересираните страни на подрачјето на проектот во текот на оперативната фаза, бидејќи не сите засегнати страни се во можност или желни да пополнат жалба или поплака. Компанијата мора редовно да одржува полугодишни состаноци со претставниците на локалните населби и другите засегнати страни. Мора да се нагласи дека е потребно силно женско присуство на тие состаноци	Останатите последици се небитни ако сите мерки се преземени
Взаемно дејство со засегнати страни (фаза на затварање)			
4	Несоодветно управување со социјалните прашања во текот на затварањето на рудникот	Инвеститорот мора да спроведе низа дејности за соработка со засегнатите страни, со локалните жители на Казандол, и со операторите на терен и во лозјата, со цел на нивно информирање за	Останатите последици се небитни ако сите мерки се преземени

		ефектите од затварањето на рудникот. Јавното објавување и консултациите ќе бидат организирани во врска со подготовката на проектната документација и поврзаните стратегии и други студии. Компанијата мора да држи отворен канал за комуникација со засегнатите и заинтересираните страни на подрачјето на проектот, дури и кога не се вршат никакви рударски или производни активности, кога се завршени сите процеси на рехабилитација и рекултивација. Обично задолжениот за Системот за социјално и еколошко управување и менаџмент и мониторинг на преземените обврски по договор, и следејќи ги најдобрите меѓународни практики, може да биде оној, кој што ќе проследи сите жалби и поплаки примени по затварањето да бидат проследени соодветно и да нема незадоволни и нерешени прашања што ќе останат за дискусија во годините по затварањето на рудникот	
Економија и начин на живот (фаза пред изградба)			
5	Доцнење во реализирањето на проектот	Набавките мора да бидат внимателно планирани и извршени во смисла дека мора да се испитаат сите можни варијанти за најмување на подизведувачи. Персоналот на инвеститорот мора да започне рани разговори со сите заинтересирани компании за градежни работи. Инвеститорот мора или да алоцира персонал или да најми искусен надворешен соработник што ќе ги подготви сите потребни документи и процедури пред објавувањето на тендерот	Во извршувањето на проектот секогаш може да настанат доцнења, иако сите процедури и препораки се извршени. Во секој случај, овој проект е комплексен и бара вклучување на различни професионалци и компании што не се секогаш во соодветна форма за прифаќање на задачите и не се спремни за тимска работа
6	Загуба на малите парцели што служеа за пасење добиток	Неопходно е навремено да се информираат сточарите за плановите за изградба на оградата околу рударскиот комплекс за да ја разгледаат можноста да го водат добитокот на пасење на другите слободни места	Останатите влијанија забележливо ќе опаднат со фазата на затварањето на проектот, кога подрачјето на рударскиот комплекс ќе биде рехабилитирано и

			рекултивирано до услови, слични на претходните
7	Подигнување на очекувањата на засегнатото население за вработување	Пред почетокот на градежните работи Инвеститорот мора да настапи во јавноста со добар план за вработување, развиен заедно со локалната или со републичката Агенција за вработување на Република Македонија, каде што ќе изјави дека ќе има работни места, но само за квалификуваните и за оние, што ќе го поминат процесот на тренинг и на преквалификација. Не е добро да се зголемат очекувањата во толку мала социјална средина (општината и засегнатите населени места) заради латентните негативни социјални последици што ваквите очекувања ги носат со себе. Компанијата ќе најми неквалифицирана работна сила, но и мошне квалифицирани профили бидејќи предвидено е рудникот да работи со посебна технологија, поволна по животната средина. Во секој случај, некои од жителите на Казандол мора да бидат вработени, и инвеститорот мора да обезбеди тренинг за некои од планираните работни места во рудникот	Иако мерките за намалување на последиците ќе бидат применети, може да се очекуваат некои заостанати последици
8	Вработување на локалната невработена работна сила	/	/
Економија и начин на живот (фаза на изградба)			
9	Промена во стекнувањето на средства за живот за луѓето во Казандол	Создавање на план за обнова на средствата за живот со цел определување кој во суштина ќе изгуби во било кој поглед од средствата за живот со извршувањето на овој проект. Можно е некои од локалните жители на Казандол да пријават загуба на средства за живот, но во суштина воопшто да не се служеа со тоа подрачје. Истото е како и со приватните парцели што се протегаат околу патот кон производниот комплекс. Според МФИ, ваквите луѓе се квалифицирани за барање за обнова на средствата за живот, но дали тие навистина потпаѓаат во оваа категорија, планот за обнова на средствата за живот ќе треба да ги реши тие случаи	Иако ќе бидат применети Мерки за ублажување на последиците, може да се очекуваат заостанати последици

10	Загуба од квалифициран персонал за локалните компании (зголемување на трошоците на работење)	Пред почетокот на градежните работи Инвеститорот мора да настапи во јавноста со добар план за вработување, развиен заедно со локалната или со републичката Агенција за вработување на Република Македонија. Овој план мора да го анализира можниот локален пазар на труд и да најде решение што ќе нанесе најмала штета на сите засегнати страни. Пазарот на труд во Валандово е ограничен, исто како и достапните квалифицирани ресурси	Иако ќе бидат применети Мерки за ублажување на последиците, може да се очекуваат заостанати последици
11	Зголемени трошоци на работење на локалните земјоделски компании заради градежните работи на проектот	Добра комуникација и координација со обете и со сите други компании може да ги намали можните штети. Инвеститорот во системот за социјална и еколошка заштита ќе стори напор да ги координира градежните работи во периодот на созревањето на лозјето и на гроздоберот	Не се очекуваат последици ако се применат мерки за нивно отстранување
12	Зголемена професионална ангажираност на локалните компании	/	/
Економија и начин на живот (оперативна фаза)			
13	Вознемиреност на добитокот заради бучавата при експлоатација, експлозиите и/или разместување на добитокот за пасење подалеку од сегашните локации во близина на селото Казандол	Компанијата ќе треба да ангажира ветеринарна служба за преглед на добитокот на годишно ниво, само да ги убеди сточарите дека нивниот добиток е целосно здрав и безбеден, иако постоеја промени во животната средина на нивниот добиток	Иако ќе бидат применети Мерки за ублажување на последиците, може да се очекуваат заостанати последици
14	Можна загуба на квалитетот на земјиштето заради промената на топографијата и дејностите на проектот	Се препорачува инвеститорот, пред започнувањето на градежните работи, да најми овластен експерт / компанија за оцена на квалитетот на земјиштето и растенијата во радиус од 1 км од производната постројка. Тоа ќе помогне во собирањето информации за тековната состојба на земјиштето што граничи со производната постројка и ако ваквата потреба се јави подоцна, да се спореди со тогашната моментална состојба. Со ова инвеститорот треба да се обезбеди дека нема да има можни идни жалби дека рудникот и придружните објекти предизвикуваат загадување или го намалуваат квалитетот на земјиштето	Постои голема веројатност влијанијата да останат, ако ваква ситуација се појави. Но инвеститорот барем ќе има појдовна точка за натамошни дејства, со што нема да се изложи на дополнителни трошоци ако ова влијание се појави

15	Економски загуби од несреќни случаи	Инвеститорот ќе треба да ги компензира погодените лица/компании, со замена, за нанесената штета од несреќниот случај / инцидентот	Иако ќе бидат преземени мерки, ќе постојат и заостанати последици бидејќи засега е прерано да се суди за нешто, што уште не се случило
16	Економски придобивки од проектот	/	/
Економија и начин на живот (фаза на затварање)			
17	Влошување на економската ситуација на жителите на селото Казандол	Инвеститорот мора да има соодветен пристап кон пропорционалното вработување на жителите на Казандол. Тоа значи дека, со постоењето на слободни работни места, инвеститорот мора да се погрижи да вработи само 10-20% од целокупната достапна работна сила. Секој вработен од Казандол мора да биде од различно домаќинство. Одовде, потенцијалниот ризик од осиромашување на домаќинствата по затварањето на рудникот ќе биде поделен меѓу неколку различни домаќинства, а не само меѓу мал број домаќинства. Оваа метода ќе ја ублажи можната социо-економска ранливост на жителите на Казандол по затварањето на комплексот	Заостанатите последици се мошне тешки за контролирање, затоа што постојат надворешни фактори што влијаат на целокупната слика, но улогата на компанијата во создавањето на таа ситуација ќе биде сведена на минимален можен ефект
Здравје, безбедност и сигурност на заедницата (фаза на изградба)			
18	Намалена безбедност на луѓето и добитокот заради реконструкцијата на пристапниот пат до Казандол и зголемениот сообраќај на патот	Мора да биде создаден и спроведен **детален план за управување со сообраќајот** придружен со кампања за подигнување на свеста за сообраќајот, особено упатена до локалните сточари, деца и жени. Кампањата мора да биде чувствителна за културата, особено водејќи сметка дека некои луѓе, особено жените и децата, не го познаваат македонскиот јазик туку само турскиот	Иако сите мерки се преземени, сепак постои можност за настанок на инциденти и несреќи
19	Зголемена закана за децата и добитокот заради изградбата на градилиштето	Изведувачот мора да разработи и да примени процедури за заштита на здравјето и безбедноста на локалните заедници, жители и нивниот добиток. Во нив треба да се вклучат запознавање со правилата за безбедност на работниците и на градилиштето, со цел спречување на неовластен пристап кон градилиштето, камповите на работниците, транспортните возила, градежната механизација и складиштата. Изведувачот мора да создаде и спроведе **план за**	Иако сите мерки се преземени, сепак ќе постојат „заинтересирани“ страни што ќе се обидат да најдат начин за задоволување на сопствената љубопитност и да се најдат на

		управување со градењето со цел да одговори на несреќните и итните случаи на начин, поволен за градежните ризици. Планот ќе биде основан на претходно определување на ризиците за големи инциденти, и ќе вклучува неопходни мерки за спречување големи инциденти и ублажување на нивните последици по локалната заедница. Низ градилиштето мора да се изградат безбедносни пешачки коридори, на барање на локалната заедница и жителите	градилиштето во секој даден момент
Здравје, безбедност и сигурност на заедницата (оперативна фаза)			
20	Подобар и побрз пристап до здравствените и социјалните институции во Валандово	/	/
21	Зголемен ризик по здравјето на жителите на Казандол и нивниот добиток заради емисии прашина и помали испарувања од рудникот и од процесот на складирање	Инвеститорот мора да создаде **план за заштита на јавното здравје на жителите на Казандол**, каде што активностите како што е преглед на крвта и на респираторните заболувања на жителите на Казандол ќе биде носечкиот столб. Медицинските прегледи мора да бидат бесплатни за населението. Децата и младите мора да се прегледуваат секои половина година, додека бремените жени уште почесто. Медицинските прегледи мора да се организираат во соработка со Здравствен дом Валандово и локалната канцеларија за јавно здравство. Добитокот мора редовно да се прегледува. Примероци од крвта и млекото од добитокот што пасе во радиус од 2 км од рударскиот комплекс мора да се земаат на секои половина година. Во случај на докажано влошување на населението и добитокот, инвеститорот ќе мора да започне со примената на планот за контролирано преселување и/или планот за реставрирање на животниот стил согласно со најдобрите меѓународни практики	Иако сите мерки се преземени, сепак заостанати ефекти се можни
22	Зголемен ризик по безбедноста на жителите на Казандол и нивниот добиток заради влегување на подрачјето на рудникот и на придружните инсталации	Редовна тромесечна проверка на состојбата на оградата околу целиот рударски и производен комплекс	Ако сите мерки се преземени, нема да има заостанати ефекти

Домување, врски и комунални услуги (фаза на изградба)			
23	Прекини во секојдневниот живот предизвикани од ограничениот пристап кон/од селото Казандол	Мора да се спроведат мерки за ублажување на последиците. Планот за управување со сообраќајот мора да содржи алтернативни патишта за/од селото, низа од активности на засегнатите страни како што е редовното информирање на времетраењето на дејноста за проширување на патот, и поставување соодветни знаци што ќе информираат за привремената промена на сообраќајниот режим. Оваа дејност мора да помогне во непопречениот пристап на луѓето кон нивните домови, имоти и полиња, како и кон деловните имоти. Планот за управување со сообраќајот ќе биде редовно прегледуван, заедно со надлежните институции, вклучувајќи ги локалните власти, институциите за одржување на патиштата и полицијата. Битна мерка од планот е примената на информативна програма за запознавање на локалното население со планираните сообраќајни активности од поголеми сразмери. Населението треба веднаш да биде известено за секоја потенцијална измена во режимот на сообраќајот	Ако сите мерки се преземени, нема заостанати последици
Домување, врски и комунални услуги (оперативна фаза)			
24	Вознемиреност од прекинатите процеси на образование и учење	Меѓу инвеститорот и локалните власти и засегнатите заедници, на самиот почеток на оперативната фаза мора да се воспостави канал за информации, и да се одржува до нејзиниот крај. Локалното население на Казандол и населението на Пирава, Валандово, Брајковци и Балинци мора да биде известувано неделно, за редоследот на планираните експлозии во текот на работната недела. Ако експлозиите предизвикуваат значителни проблеми со наставата во Казандол, тогаш како потенцијални мерки за ублажување на последиците може да се разгледува дислокацијата на училиштето од Казандол во Дедели, каде што бучавата од камионите и машинеријата, и експлозиите, нема да ја попречуваат наставата, и освен тоа, наставата може да се следи на мајчиниот турски јазик. Но, ова прашање треба првин да биде дискутирано со широк круг на засегнати страни	Иако сите мерки се преземени, заостанати последици може да се очекуваат

25	Влијание на зградите за домување	Со цел инвеститорот да се заштити од непредвидените ризици, како и жителите на Казандол од можните негативни последици сврзани со оштетувањето на куќите за домување, мудро е инвеститорот да спроведе почетен скрининг на состојбата на сите куќи во Казандол. Треба да се провери и да се документира состојбата на сите куќи во селото. Ако некои од куќите подоцна, во оперативната фаза, пријават оштета заради експлозиите, ќе постои запишан документ за состојбата на куќата пред почетокот на оперативната фаза на рудникот	Иако сите мерки се преземени, заостанати последици може да се очекуваат. Некојпат вибрациите го оштетуваат објектот, што не е секогаш видливо
Културно наследство, религија, вредности и навики (оперативна фаза)			
26	Потенцијално уништување и загуба на неоткриено археолошко наоѓалиште	Во текот на градежните работи и во фазата на експлоатација на минералните ресурси во областа на отворениот рудник, изведувачот мора да разработи и примени процедури за случаен археолошки наод, со цел прилагодување кон националната легислатива за заштита на културното наследство. Работниците треба да бидат тренирани за тие процедури. Ако во текот на изведувањето на градежните или рударските работи се открие археолошко наоѓалиште или предмети со археолошко значење, изведувачот мора: • Веднаш да ги извести надлежните органи (Музејот на град Струмица) за заштита на наодот од културното наследство • Да ги прекине сите операции со цел да го обезбеди наодот од можни оштетувања низ неовластен пристап кон него • Да ги зачува откриените предмети на место и во состојба, во којашто се откриени	Ако сите мерки се преземени, нема заостанати последици
27	Вознемиреност од експлозии во текот на религиозните церемонии	Со цел на заштита на жителите на Казандол од можните негативни последици од прекин на религиозната практика и предизвикување недоразбирања меѓу локалната заедница и инвеститорот, инвеститорот мора да ја разгледа можноста петок да биде ден без експлозии.	Ако сите мерки се преземени, нема заостанати последици

		Недела исто мора да биде ден без експлозии, затоа што мнозинството жители во другите засегнати населби се православни христијани	
Труд и услови за работа (фаза пред изградба)			
28	Проблеми сврзани со организација на работната сила и потребните процедури	Инвеститорот мора да создаде план за вработување за потребите на рудникот, во соработка со локалната канцеларија на АВРМ. Во поглед на работничките права, сите работници (вклучувајќи ги изведувачите и подизведувачите) ќе имаат договори со јасно изразени права и услови на нивното вработување, и на нивните законски права. Договорите ќе бидат усно објаснети на сите работници кога е потребно, за да се обезбеди дека работниците ги разбираат своите права. Договорите мора да се склучат пред почетокот на работата на работникот. Сите работници (вклучувајќи ги изведувачите и подизведувачите) ќе можат да им се приклучат на синдикатите по свој избор и имаат право на колективно преговарање. Секој вработен, дури и на подизведувачите, мора да потпише Правила на однесување. Секому треба да му е достапно и очигледно, и секој работник мора да ја разбере тежината на документот и последиците што ги носи ако го прекрши	Ако сите мерки се преземени, заостанати последици може да има
Труд и услови за работа (фаза на изградба и оперативна фаза)			
29	Непридржување кон стандардите на МФИ во поглед на работниците и на условите на работа	Инвеститорот мора да разработи систем за управување со здравјето и безбедноста. Овој систем за управување ќе биде задолжителен за проектот вклучувајќи ги изведувачите и подизведувачите. Тој ќе содржи такви аспекти, како што е снабдувањето со ППО, редовен тренинг и мониторинг како и постојани проверки на безбедноста, и други мерки. Дел од системот на управување мора да биде **планот за здравје и безбедност**. Инвеститорот мора да разработи **план за здравје и безбедност**, со применет механизам за жалби и поплаки, соодветно со националните барања, како и со стандардите за изведба на МФК и барањата на ЕБОР. Низ механизмот за жалби и поплаки за работниците изведувачот ги прима и ги разгледува жалбите на работниците на фер и разумен начин.	Ако сите мерки се преземени, заостанати последици може да има

		Планот за здравје и безбедност на работа ќе ги минимизира, ако не елиминира, сите ризици по здравјето и безбедноста, и изворите на тие ризици за работниците. Сите изведувачи и подизведувачи мора да се придржуваат кон барањата од планот. Изведувачот ќе ги добива сите ресурси, работната сила, материјалите од извори со добра репутација, каде што напоредно со цената се разгледуваат факторите како квалитет, репутација, изведени проекти и услуги	
Труд и услови за работа (фаза на затварање)			
30	Социо-економската ранливост на работниците што ќе ја загубат работата по затварањето на рудникот	Инвеститорот мора да подготви програма за завршеток на работниот однос за работниците најмалку една година пред затварањето на рудникот. Тој треба да подготви и да организира тренинзи во различни области, како што е земјоделството, сточарството, управувањето со пари, можни преквалификации за други работни позиции во регионот, малопродажба и т.н. Програмот треба да биде скроен по мерка на работниците и мора да биде бесплатен. Мора да се побара помош од Агенцијата за вработување на РМ и од други релевантни институции	Ако сите мерки се преземени, заостанати последици може да има

10. ПЛАН ЗА СОЦИЈАЛНО УПРАВУВАЊЕ

Примател / предложени мерки за ублажување	Цел	Одговорна институција	Време	Трошок
Систем за социјално управување				
Вработено лице од САРДИЧ МЦ мора да биде назначено за управување и следење со мерките за намалување на последиците и мониторинг на програмите, и редовно да ги известува највисоките инстанции во компанијата за надворешните засегнати лица.	Успешна реализација на задачи што не се дел од производниот процес и управување и мониторинг спроведени во квалитативен манир	САРДИЧ МЦ	Во сите фази	Трошоци на работењето
Взаемно дејство со засегнатите страни				
Комуникација со засегнатите страни и локалните заедници Информирање на локалните заедници (претставниците на засегнатите населби) за времетраењето на градежните работи што е се одвиваат во подрачјето и за постоењето на механизам за жалби и поплаки Јавна достапност на времетраењето на градежните работи засебна за секоја засегната населба Создавање на План за взаемно дејство со засегнатите страни со интегриран механизам за жалби и поплаки, што ќе биде распореден на огласните табли по засегнатите населби, во општината и во просториите на САРДИЧ МЦ, како и во административните простории на изведувачот на градилиштето, каде што контакт информацијата за претставникот на изведувачот, на САРДИЧ МЦ и на локалната самоуправа ќе биде на увид и достапна во текот на целиот период на изградба и операции, заедно со формуларите за жалби и поплаки и информацијата за времетраењето на работите во подрачјето ПВД со механизам за жалби и поплаки треба да биде објавен на локалните жители што се можно засегнати од дејностите на проектот Сите информации и јавни огласи мора да бидат на македонски и турски јазик Комуникација со засегнатите бизниси и координација на градежните активности	Создавање на однос на доверба меѓу САРДИЧ МЦ и (под)изведувачите, од една страна, и локалните заедници, од друга страна Превенција на можните проблеми меѓу заедницата и изведувачите	САРДИЧ МЦ и изведувачот/ите	Во сите фази	1500 евра за создавање на ПВД и 1500 евра за организирање настани и печатење материјали Трошоци на работење на компанијата

Набавка на земјиште				
Создавање на План за присилно населување (ако ваква потреба се појави во било која фаза на проектот)	Решавање на потенцијалните проблеми сврзани со социо-економската ранливост на засегнатите лица/страни	САРДИЧ МЦ	Сите фази	2800 евра, создавање на ППН документ
Економија и средства за живот				
Создавање на План за вработување во рудникот	Решавање на потенцијалните проблеми сврзани со социо-економската ранливост на засегнатите лица/страни	САРДИЧ МЦ	Фаза пред изградба	1200 евра за План за вработување
Создавање на План за обнова на средствата за живот (ПОСЖ) со цел определба кој во суштина ќе загуби било какви средства за живот со спроведувањето на проектот	Решавање на потенцијалните проблеми сврзани со социо-економската ранливост на засегнатите лица/страни	САРДИЧ МЦ	Фаза на изградба	2500 евра за ПОСЖ документ
Вклучување ветеринарни услуги за годишен преглед на добитокот	Решавање на потенцијалните проблеми сврзани со социо-економската ранливост на засегнатите лица/страни	САРДИЧ МЦ	Оперативна фаза	Ветеринарни услуги 200 евра годишно
Компензација на засегнатите лица/страни за случајно нанесената штета	Решавање на потенцијалните проблеми сврзани со социо-економската ранливост на засегнатите лица/страни	САРДИЧ МЦ	Сите фази	непознато
Здравје, сигурност и безбедност на заедницата				
План за управување со сообраќајот • Создавање и комплетна примена на План за управување со сообраќајот (ПУС), активно пренесен на заинтересираните страни во засегнатите населби • Создавање на локална кампања за подигнување на свеста за децата и жените, на турски јазик	Минимизација и превенција на можните негативни социјални последици Минимизација и превенција на можни несреќи. Минимизација на негативните последици по здравјето на населението	Изведувач САРДИЧ МЦ	Фаза пред изградба Фаза на изградба	2000 евра за документот 1000 евра за настани и печатени материјали
• Создавање и спроведување План за управување со изградбата со цел на одговарање на несреќите и случаите на начин, соодветен со ризиците на изградбата • Безбедносни пешачки коридори на барање на локалната заедница и жителите	Минимизација и превенција на можни несреќи. Минимизација на негативните последици по здравјето на населението	Изведувач	Фаза на изградба	1200 евра за документот

• Создавање План за заштита на јавното здравје на жителите на Казандол со преглед на крвта и на респираторните заболувања како носечки столб. • Медицинските прегледи мора да бидат бесплатни за населението. Децата и младите мора да се прегледуваат секои половина година, додека бремените жени уште почесто. • Примероци од крвта и млекото од добитокот што пасе во радиус од 2 км од рударскиот комплекс мора да се земаат на секои половина година.	Минимизација и превенција на можни несреќи. Минимизација на негативните последици по здравјето на населението	САРДИЧ МЦ	Оперативна фаза	1200 евра за документот, 300 евра годишно
• Редовна тромесечна проверка на состојбата на оградата околу целиот рударски и производен комплекс	Минимизација и превенција на можни несреќи. Минимизација на негативните последици по здравјето на населението	САРДИЧ МЦ	Оперативна фаза	Работни трошоци на компанијата
Домување, врски и комунални услуги				
• Информативна програма за запознавање на локалното население со планираните сообраќајни активности од поголеми сразмери. Населението треба веднаш да биде известено за секоја потенцијална измена во режимот на сообраќајот • Локалното население на Казандол и населението на Пирава, Валандово, Брајковци и Балинци мора да биде известувано неделно, за редоследот на планираните експлозии во текот на работната недела	Минимизација и превенција на можните негативни социјални последици Минимизација и превенција на можните негативни социјални последици	Изведувач САРДИЧ МЦ	Фаза пред градење Оперативна фаза	Работни трошоци на компанијата Работни трошоци на компанијата
• Инвеститорот да спроведе почетен скрининг на состојбата на сите куќи во Казандол. Треба да се провери и да се документира состојбата на сите куќи во селото.	Минимизација и превенција на можните негативни социјални последици	САРДИЧ МЦ и изведувачот	Оперативна фаза	1200 евра за сиот скрининг
Културно наследство, религија, вредности и навики				
• Работниците треба да бидат тренирани за случајни наоди	Минимизација и превенција на можните негативни последици по културното наследство	САРДИЧ МЦ и изведувачот	Оперативна фаза	1000 евра за тренинг
Труд и услови за работа				
• Создавање на Правила на однесување за вработените	Минимизирање на негативни последици за работниците и за	САРДИЧ МЦ и изведувачот	Фаза пред, фаза во изградба, оперативна фаза	Работни трошоци на компанијата

	здравјето и безбедноста на заедницата			
• Создавање План за здравје и безбедност, со интегриран механизам за жалби и поплаки	Минимизирање на негативни последици за здравјето и безбедноста на работниците	САРДИЧ МЦ и изведувачот	Фаза пред, фаза во изградба	2500 евра за ПЗБ документ со интегриран механизам за жалби и поплаки
• Инвеститорот мора да подготви програма за завршеток на работниот однос за работниците најмалку една година пред затварањето на рудникот. Тој треба да подготви и да организира тренинзи во различни области, како што е земјоделството, сточарството, управувањето со пари, можни преквалификации за други работни позиции во регионот, малопродажба и т.н. Програмот треба да биде скроен по мерка на работниците и мора да биде бесплатен	Социо-економската ранливост на работниците што ќе загубат работа со затварање на рудникот	САРДИЧ МЦ	Оперативна фаза и фаза на затварање	1500 евра за документот, 50 евра по работник за тренинг

11. ПЛАН ЗА СОЦИЈАЛЕН МОНИТОРИНГ

Приемник/параметар за мониторинг	Метода на мониторинг	Фреквенција на мониторинг	Индикатор	Средства на потврдување	Цена (евро)	Одговорност
Фаза пред изградба						
Создавање на ПЗПР (План за заштита при работа) со вграден механизам за жалби и поплаки	Преглед на документот	Еднаш, пред официјалниот почеток на градежните работи	Комплетиран документ	Доказ од независен консултант за ПЗПР усогласеноста на ПЗПР со националните закони и МФК/ЕБОР стандардите и барањата	Непознато	Изведувач
Создавање на ПВД (План за взаемно дејство со засегнати страни)	Преглед на документот	Еднаш, пред официјалниот почеток на градежните работи	Комплетиран документ	Визуелен контакт	Непознато	САРДИЧ МЦ
План за управување со сообраќајот (ПУС)	Преглед на документот	Еднаш, пред официјалниот почеток на градежните работи	Комплетиран документ	Визуелен контакт	Непознато	Изведувач во соработка со САРДИЧ МЦ, локалната полиција и општина Валандово
Информирање на локалните жители за временскиот распоред на градежните активности	Преглед на документот	Еднаш, пред официјалниот почеток на градежните работи	Потврда за пратените писма	Печатени извештаи и фотографии мора да се чуваат во дневникот за мониторинг на проектот	Трошоци на работа на компанијата	Изведувач
Јавна достапност на временскиот распоред, одделно за секоја населба	Посета на лице место	Еднаш, пред официјалниот почеток на градежните работи	Фотографии од местата, каде што временскиот распоред е изложен и достапен	Печатени и фотографии мора да се чуваат во дневникот за мониторинг на проектот	Трошоци на работа на компанијата	Изведувач

Создавање на План за вработување	Преглед на документот	Еднаш, пред официјалниот почеток на градежните работи	Комплетиран документ	Визуелен преглед	Непознато	САРДИЧ МЦ во соработка со Агенција за вработување на РМ
Мониторинг на жалби и поплаки (јавни, вработени, други)	Преглед на документот	Полугодишно	Дневник	Забележани поплаки во дневникот и одговори на нив	Трошоци на работа на компанијата	САРДИЧ МЦ
Фаза на изградба						
Создавање на Акционен план за присилна преселба (АППП) ако има таква потреба	Преглед на документот	Еднаш, пред официјалниот почеток на градежните работи	Комплетиран документ	Визуелен преглед	Трошоци на работа на компанијата	САРДИЧ МЦ
Создавање на План за реставрирање на средства за живот (ПРСЖ)	Преглед на документот	Еднаш, пред официјалниот почеток на градежните работи	Комплетиран документ	Визуелен преглед	Трошоци на работа на компанијата	САРДИЧ МЦ
Создавање на План за управување со градењето (ПУГ)	Преглед на документот	Еднаш, пред официјалниот почеток на градежните работи	Комплетиран документ	Визуелен преглед	Трошоци на работа на компанијата	САРДИЧ МЦ
Обезбедено градилиште и видни знаци на градилиштето	Фотографии од градилиштето	Месечно	Фотографии од градилиштето	Печатени фотографии мора да се чуваат во дневникот за мониторинг на проектот	Трошоци за работа на компанијата	Изведувач
Создавање на локална кампања за подигнување на свеста за жените и децата, на турски јазик	Број на одржани состаноци и број на учесници на состаноците	Полугодишно	Потпишан список на учесници од секој состанок	Оригиналните списоци мора да се чуваат во дневникот на проектот	Трошоци за работа на компанијата	Изведувач
Потпишан Правилник за однесување за вработените и негова јавна достапност, со	Преглед на документот	Еднаш, пред официјалниот почеток на градежните работи	Потпишан документ	Контрола на регистарот за вработените	Трошоци за работа на компанијата	Изведувач

процедури за жалби и поплаки						
Мониторинг на жалби и поплаки (јавни, вработени, други)	Преглед на документот	Полугодишно	Број на добиени и на навремено одговорени жалби и поплаки	Жалбите и поплаките заведени во дневник заедно со одговорите	Трошоци за работа на компанијата	САРДИЧ МЦ
Оперативна фаза						
Ветеринарни услуги за преглед на здравјето на добитокот на годишна основа	Преглед на документот	Годишно	Број на прегледани грла	Потпишана Работна задача	Трошоци за работа на компанијата	САРДИЧ МЦ
Медицинските прегледи мора да бидат бесплатни за жителите на Казандол	Преглед на документот	Годишно	Број на прегледани луѓе	Потпишана Работна задача	Трошоци за работа на компанијата	САРДИЧ МЦ
Редовен тромесечен преглед на состојбата на оградата од рудникот и на придружните инсталации	Посета на лице место	Тромесечно	Потпишана работна задача	Печатени фотографии мора да се чуваат во дневникот за мониторинг на проектот	Трошоци за работа на компанијата	САРДИЧ МЦ
Распределба на информација за времето на минерските работи во засегнатите населби	Посета на лице место	Еднаш, пред официјалниот почеток на градежните работи	Фотографии од местата каде што распоредот е видлив	Печатени фотографии мора да се чуваат во дневникот за мониторинг на проектот	Трошоци за работа на компанијата	САРДИЧ МЦ
Тренинг на вработените за процедури за случаен наод на археолошко наоѓалиште	Преглед на документот	Еднаш	Број на тренирани работници	Потпишан список на учесници	Трошоци за работа на компанијата	САРДИЧ МЦ
Мониторинг на жалби и поплаки (јавни, вработени, други)	Преглед на документот	Полугодишно	Број на добиени и на навремено	Жалбите и поплаките заведени во дневник заедно со одговорите	Трошоци за работа на компанијата	САРДИЧ МЦ

			одговорени жалби и поплаки			
Оперативна фаза						
Реализација наспроти Успех на програмата за престанок на работа на работниците	Преглед на документот	Полугодишно	Број на луѓе запишани во програмата	Потпишан список на учесници	Трошоци за работа на компанијата	САРДИЧ МЦ

12. ЗАКЛУЧОЦИ

Рударскиот комплекс Казандол е прекрасна можност не само за инвеститорот, но и за општина Валандово и националната економија. Предложениот процес на производство е јасно заснован на најдобрите достапни техники и предложените мерки за намалување на последиците и планот за затварање имаат во предвид позитивни резултати за засегнатите страни.

Инвеститорот стори чекори во правец на разгледување на сите позитивни и негативни влијанија настанати од проектот и понуди соодветни мерки за ублажување на влијанијата, што е уште еден чекор кон извонредноста во примената на добрата меѓународна индустриска практика.

Позитивните влијанија што ќе настанат од проектот ќе имаат силни позитивни социо-економски последици по приходите на општината. Ќе бидат создадени нови работни места и ќе се користат претежно локални ресурси и услужни дејности. Тоа е сонот на секоја општина, не само во Македонија, туку и во светот.

Бидејќи добрите нешта не доаѓаат сами, туку секогаш ја носат и својата несакана половина, нормално е да се очекуваат некои негативни последици, што ќе настанат во животниот тек на проектот. Најзасегната во негативен поглед е заедницата на село Казандол, што во суштина се граничи со подрачјето на концесијата и е на 300-400 метри од самиот рудник. Единствената врска со светот ќе се користи од двете страни, од проектот и од жителите. Нивното здравје и безбедност, нивниот добиток и начин на живот ќе бидат најзасегнати од проектот, но не во смисла дека ќе доживеат неподносливи животни услови, туку во смисла на влијанијата што може битно да го изменат нивниот начин на живот, порано или подоцна. Оваа заедница е малку ранлива и проектот може да ја засили таа состојба. Затоа најголемиот дел од мерките за ублажување на последиците се сконцентрирани околу оваа заедница.

Мерките за ублажување на последиците во социјалните прашања, разгледани во документов, се баланс со негативните социјални последици што се иницирани од проектот и ги следат меѓународните стандарди, што ги бараат меѓународните финансиски институции (МФИ) како што се Меѓународната финансиска корпорација (МФК), Европската банка за обнова и развој (ЕБОР). Нивните (МФИ) стандарди и барања се засновани на лично искуство и практика, стекнати низ деценииите банкарско работење и во нивната оперативна политика тие применуваат конвенции, не само еколошки, што ги поддржуваат, промовираат и подобруваат правата на луѓето, како што е ООН „Универзална декларација за човекови права“, ИЛО конвенциите и друго.

На овој проект му треба силна поддршка, но исто така треба посветено внимание на социјалната област, затоа што засегнатите заедници не се гранка што може да се скрши и таа повторно да порасне наредната година. Заедницата бара внимание, трпение, и искреноста ќе допринесе за надминување на новите услови за живеење, барем до завршетокот на фазата за затварање на комплексот.

СПИСОК ЛИТЕРАТУРА

Генерална и проектна документација

1. Migrations, 2014. State statistical office of the Republic of Macedonia, 2014 (Statistical review /State statistical office of the Republic of Macedonia), ISBN 978-608-227-185-9

2. HUMAN rights legal and policy action framework focusing on social inclusion and poverty reduction.- Skopje : Institute of Human Rights "Ludwig Boltzmann" – BIM FV Skopje 2011. ISBN 978-608-65251-6-3

3. Social welfare for children, juveniles and adults, 2014-2015, Skopje: State statistical office ofthe Republic of Macedonia, 2015. ISBN 978-608-227-201-6 Accessible at: http://www.stat.gov.mk/Publikacii/2.4.15.17.pdf

4. Environmental Impact Assessment Study of the Project "Mine Complex for Cathode Copper Production – "Kazandol", Municipality of Valandovo, Republic of Macedonia"; EMPIRIA EMS, Skopje (2015)

5. Estimations of the Population by Sex and Age, by Municipalities and by Statistical Regions,30.06.2014 и 31.12.2014. Skopje: State statistical office of the Republic of Macedonia, 2015. ISBN 978-608-227-188-0 Accessible at: http://www.stat.gov.mk/publikacii/2.4.15.10.pdf

6. Health Map of the Republic of Macedonia 2012: Part I Current state http://www.iph.mk/images/stories/PDF/PDF_2014/zk%20mk%20prv%20del%202012.pdf

7. Feasibility Study - Mining complex for production of copper cathodes – „Kazandol", Sardich MCDOOEL; 2014; IONTECH 2000 JSC, Sofia, Bulgaria

8. Koco, Dimche (1996). "Arheaological map of Republic of Macedonia". II. Skopje:Macedonian Academy of Sciences and Arts. ISBN 9989649286

9. Map of religious temples in RM – Skopje, ISBN 9786086514327

10. Census of population, households and dwellings in the Republic of Macedonia, 2002; State Statistical Office, 2005

11. Census of population, households and dwellings in the Republic of Macedonia, 2002 - Book XII – Total population in the country, Final data per populated places – population in the country by activity and gender; State Statistical Office of RM

12. Vanclay, F., Esteves, A.M., Aucamp, I. & Franks, D. 2015 Social Impact Assessment: Guidance for assessing and managing the social impacts of projects. International Association for Impact Assessment

ПРИЛОЗИ

ПРИЛОГ 1 – Значењето на социјалните влијанија

Бр.	Влијание	
Систем на социјално управување (Фаза на изградба и операции)		
1	Неправилно раководство при остварувањето на системот за социјално управување	Умерено
Взаемно дејство со засегнати страни (Фаза пред и фаза на градежните работи)		
2	Зголемена вознемиреност заради отсуството на комуникација со локалните населби и сопственици на имоти во близина на подрачјето на проектот	Умерено
Взаемно дејство со засегнати страни (Оперативна фаза)		
3	Намалени взаемни дејства со засегнатите страни во тек на оперативната фаза	Умерено
Взаемно дејство со засегнати страни (Фаза на затварање)		
4	Несоодветно управување со социјалните прашања во текот на затварањето на рудникот	Умерено
Економија и начин на живот (Фаза пред изградба) Умерено		
5	Доцнење во реализирањето на проектот	Умерено
6	Загуба на малите парцели што служеа за пасење добиток	Мало
7	Подигнување на очекувањата на засегнатото население за вработување	Умерено
8	Вработување на локалната невработена работна сила	Големо
Економија и начин на живот (Фаза на изградба)		
9	Промена во стекнувањето на средства за живот за луѓето во Казандол	Умерено
10	Загуба од квалифициран персонал за локалните компании (зголемување на трошоците на работење)	Мало
11	Зголемени трошоци на работење на локалните земјоделски компании заради градежните работи на проектот	Незначително
12	Зголемена професионална ангажираност на локалните компании	Умерено
Економија и начин на живот (Фаза на експлоатација)		
13	Вознемиреност на добитокот заради бучавата при експлоатација, експлозиите и/или разместување на добитокот за пасење подалеку од сегашните локации во близина на селото Казандол	Мало
14	Можна загуба на квалитетот на земјиштето заради промената на топографијата и дејностите на проектот	Незначително
15	Економски загуби од несреќни случаи	Незначително
16	Економски придобивки од проектот	Големо
Економија и начин на живот (Фаза на затворање на комплексот)		
17	Влошување на економската состојба на жителите на селото Казандол и можни миграции	Умерено
Здравје, безбедност и сигурност на заедницата (Фаза на изградбата)		
18	Намалена безбедност на децата и добитокот заради проширувањето на пристапниот пат кон селото Казандол и зголемениот сообраќај на патот	Умерено
19	Зголемена закана за децата и добитокот заради изградбата на градилиштето	Умерено
Здравје, безбедност и сигурност на заедницата (Оперативна фаза)		
20	Подобар и побрз пристап до здравствените и социјалните институции во Валандово	Умерено

21	Зголемен ризик по здравјето на жителите на Казандол и нивниот добиток заради емисии прашина и помали испарувања од рудникот и од процесот на складирање	Умерено
22	Зголемен ризик по безбедноста на жителите на Казандол и нивниот добиток заради влегување на подрачјето на рудникот и на придружните инсталации	Незначително
Домување, врски и комунални услуги (Фаза на изградба)		
23	Прекини во секојдневниот живот предизвикани од ограниченото пристап кон/од селото Казандол	Умерено
Домување, врски и комунални услуги (Оперативна фаза)		
24	Вознемиреност од прекинатите процеси на образование и учење	Мало
25	Влијание на зградите за домување	Незначително
Културно наследство, религија, вредности и навики (Оперативна фаза)		
26	Потенцијално уништување и загуба на неоткриено археолошко наоѓалиште	Незначително
27	Вознемиреност од експлозии во текот на религиозните церемонии	Умерено
Труд и услови за работа (Фаза пред градежните работи)		
28	Проблеми сврзани со организација на работната сила и потребните процедури	Мало
Труд и услови за работа (Фаза на изградба и оперативна фаза)		
29	Непридржување кон стандардите на МФИ во поглед на работниците и на условите на работа	Мало
Труд и услови за работа (Фаза на затварање)		
30	Социо-економската ранливост на работниците што ќе ја загубат работата по затварањето на рудникот	Големо

Прилог 2: Употреба на земјиштето на подрачјето околу рударскиот комплекс